# АНАЛИЗА НА ДОНЕСЕНИТЕ УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО 2020

БЛУПРИНТ ГРУПА
за реформи во правосудството

# АНАЛИЗА НА ДОНЕСЕНИТЕ УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО 2020

ИМПРЕСУМ

Наслов: Анализа на донесените уредби со законска сила за време на вонредната состојба во 2020

Издавач: Центар за правни истражувања и анализи

За издавачот: Лидија Стојкова - Зафировска

Уредник: Горица Наџинска

Автори:
Жарко Хаџи-Зафиров
Гоце Коцевски
Сибел Амет
Маја Стојаноска
Натали Петровска
Исмаил Камбери

Графички дизајн и печатење: Релатив

Скопје, 2020

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

340.13:342.77(497.7)"2020"(047.31)

АНАЛИЗА на донесените уредби со законска сила за време на вонредната состојба во 2020 / [автори Жарко Хаџи-Зафиров ... и др.]. - Скопје : Центар за правни истражувања и анализи, 2020

Начин на пристапување (URL): https://www.cpia.mk. - Текст во PDF формат, содржи 106 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 03.11.2020. - Други автори: Гоце Коцевски, Сибел Амет, Маја Стојаноска, Натали Петровска, Исмаил Камбери. - Содржи и: Анекс

ISBN 978-608-4926-00-9

1. Хаџи-Зафиров, Жарко [автор] 2. Коцевски, Гоце [автор] 3. Амет, Сибел [автор] 4. Стојаноска, Маја [автор] 5. Петровска, Натали [автор] 6. Камбери, Исмаил [автор]
а) Уредби со законска сила -- Вонредна состојба -- Македонија -- 2020 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 52397829

Содржината е единствена одговорност на авторите и грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| ИЗВРШНО РЕЗИМЕ | 7 |
| ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ | 9 |
| КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА | 11 |
| Предмет и цели на истражувањето | 11 |
| Методолошки пристап | 12 |
| Ограничување на истражувањето | 13 |
| ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА – ПРАВНА РАМКА И МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ | 15 |
| Вонредната состојба во Уставот на РСМ | 15 |
| Вонредната состојба предизвикана од КОВИД-19 пандемијата | 16 |
| Стандарди на Советот на Европа за вонредната состојба | 16 |
| АНАЛИЗА НА ДОНЕСЕНИТЕ УРЕДБИ | 19 |
| Здравствена заштита | 19 |
| Заштита од ширење на КОВИД-19 | 19 |
| Функционирање на здравствениот систем за време на пандемија | 27 |
| Интервентни набавки заради справување со КОВИД-19 | 30 |
| Организација и функционирање на органите на државната власта | 32 |
| Мерки за поддршка за справување со последиците од кризата | 37 |
| Мерки за поддршка на економски субјекти | 37 |
| Социјални мерки | 42 |
| Судски и управни постапки во услови на вонредна состојба | 58 |
| Образованието за време на вонредна состојба | 62 |
| Јавни приходи и буџет | 67 |
| Управување и користење на буџетските средства | 68 |
| Зголемување на јавните давачки | 70 |
| Намалување на јавните расходи | 70 |
| Поттикнување на донирање за справување со кризата | 74 |
| Задолжување на државата | 75 |
| Уредби од технички карактер | 76 |
| Листа на уредби од технички карактер | 78 |
| ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ | 81 |
| АНЕКС: ЛИСТА НА ДОНЕСЕНИ УРЕДБИ | 86 |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во период на светска пандемија без преседан, на државите им се наметна нужноста од преземање на најстроги мерки со цел да ја ограничат опасноста од зараза и понатамошното ширење на вирусот КОВИД-19. Соочени со опасноста за сериозно загрозување на јавното здравје, со можност за повторно појавување на опасноста, државите во светот беа принудени да преземат мерки со кои се ограничија одредени човекови права. Дилемите кои се јавуваат од оваа состојба, пред сè, се однесуваат на заштита на човековите права и овозможување на нивно остварување во насока на почитување на мерките кои ги наметна вонредната состојба, но и во склад со уставната поставеност и националниот контекст во секоја држава. Сепак, и покрај стремежот и напорите човековите права и слободи и понатаму да бидат заштитени, гарантирани и остварени, ескалирањето на ситуацијата која се наметнува како во национални така и во светски размери им наложи на државите ново привремено уредување на општествените односи кое е ограничувачко кон определен корпус на права и слободи.

По прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија на 18 март 2020 година, Владата се стекна со овластување да донесува уредби со законска сила сè до завршувањето на вонредната состојба на 23 јуни годинава. Уредбите кои беа донесени во овој период уредуваат широк спектар на прашања од значење за управување со кризата. Тие, пред сè, се однесуваат на постапување на органите на државата за управување и справување со кризата, овозможување здравствена заштита и функционирање на здравствениот систем, зголемување на јавните приходи, поддршка на економските субјекти, како и социјална заштита и поддршка на невработени лица, обезбедување јавни услуги во состојба на пандемија и продолжување на рокови или други дејствија за време на вонредната состојба кои поради пандемијата не можат или не е целисходно да се применат.

Со цел да овозможи систематизиран увид во законитоста и пропорционалноста на уредбите донесени за време на вонредната состојба поврзана со пандемијата од коронавирусот КОВИД-19, како и да се истражи неопходноста за нивното усвојување и спроведување во пракса, Блупринт групата за реформи во правосудството ја изработи оваа Анализа на правни акти донесени за време на вонредната состојба во март-јуни 2020 година. Подготовката на оваа анализа е дел од проектот „За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2020-2021“, поддржан од Фондацијата Отворено општество- Македонија.

# ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19[1] која предизвика глобална здравствена, економска и социјална криза без преседан ја затекна Република Северна Македонија во специфични услови на предизборие, со распуштено Собрание и техничка Влада. Заканите од пандемијата кон јавното здравје и економијата, како и потребата од преземање на итни и ефективни мерки за справување со нив беа доволни причини Владата да предложи прогласување на вонредна состојба на територијата на државата.

Во отсуство на посебен закон кој ја уредува вонредната состојба и во услови на распуштено Собрание, согласно со Уставот[2], претседателот на 18 март 2020 година за прв пат од независноста прогласи вонредна состојба која траеше вкупно три месеци или 95 дена. Со прогласувањето на вонредната состојба се активираше членот 126 од Уставот и членот 10 од Законот за Владата на Република Северна Македонија[3] во кои е предвидено дека при постоење на воена или вонредна состојба, доколку не постои можност за свикување на Собранието, Владата во согласност со Уставот и со закон, може да донесува уредби со законска сила по прашањата во надлежност на Собранието.

Овластувањето на Владата да донесува уредби со законска сила трае до завршувањето на воената односно вонредната состојба. Во услови на вонредна состојба, системот на спреги и кочници т.е. поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, привремено се заменува со концентрација на законодавната и извршната власт во еден орган – Владата. Имајќи предвид дека за време на вонредната состојба управуваше техничка влада, овластувањата на законодавната и извршната власт прејдоа во рацете на привремената Влада, која беше ставена во положба да донесува мерки за справување со предизвиците да го заштити населението од последиците од пандемијата, како од здравствен карактер, така и не помалку важни економски и социјални последици.

Во најголем дел од меѓународните документи[4] кои се однесуваат на постапувањето за време на вонредна состојба се напоменува дека е задолжително да се обезбеди почитување на владеењето на правото и демократските начела кои мора да преовладуваат дури и во време на вонредни состојби. Така, при носење на какви било мерки неопходно е почитувањето на начелото на законитост, начелото на пропорционалност, начелото на неопходност и начелото на недискриминација.

1 Прогласена глобална пандемија од коронавирусот КОВИД-19 на 11 март 2020 година од страна на Светската здравствена организација (СЗО)
2 Член 125 од Уставот на РСМ.
3 Закон за Влада на Република Северна Македонија, Службен весник на РСМ бр. 59/2000
4 Council of Europe, Management of the Judiciary during COVID – 19, достапно на: https://www.coe.int/en/web/cepej/compilation-comments

**Начелото на законитост** предвидува дека секоја уредба со законска сила треба да биде во согласност со Уставот и законот, и да биде подложена на преиспитување од релевантно тело, во нашиот случај Уставниот суд. Важно е судиите да можат да ги испитаат најсериозните ограничувања на човековите права воведени со уредбите со законска сила. Советот на Европа предвидува можност за одложување, забрзување или групно постапување со одредени категории предмети, а прелиминарното судско овластување во некои случаи може да се замени со *ex-post* судска контрола.

**Начелото на пропорционалност** претпоставува носење на мерки кои соодветно би ја оствариле својата легитимна цел. Делувањето во време на криза претпоставува носење на брзи одлуки кои иако донесени со добра намера, не ја исклучуваат можноста да имаат ненамерни негативни последици. Поради тоа, пред да се прибегне кон какви било мерки, од Владата се очекува да го преиспита постоењето на релевантна законска основа и оценка дали мерките кои доведуваат до ограничување на човековите права и слободи се строго неопходни наспроти некои помалку строги алтернативи. Дополнително, иако зголемените ограничувања на определени права можат да бидат целосно оправдани во време на криза, строги кривични санкции предизвикуваат загриженост и мора да подлежат на строга контрола. Исклучителни ситуации не треба да доведуваат до преизразеност на кривичните средства. Праведна рамнотежа помеѓу присилата и превенцијата е исто така соодветен начин да се одговори на барањата за пропорционалност.

**Начелото на неопходност** бара итните мерки да мора да можат да ја остварат својата цел со минимално изменување на нормалните правила и постапки на демократско одлучување. Со оглед на брзиот и непредвидлив развој на кризата, може да бидат потребни релативно широки законодавни делегирања, но во околностите тие треба да се формулираат колку што е можно потесно, за да се намали евентуалниот потенцијал од злоупотреба.

**Начелото на недискриминација** е многу релевантно во тековниот контекст. При испитувањето на почитувањето на ова начело се испитува дали со мерките се врши неоправдано дискриминирање помеѓу различни категории лица.

Неопходно е уредбите со законска сила и мерките кои Владата ги носи, да се законити, пропорционални, неопходни и недискриминаторски, да се со ограничено времетраење и треба да преземат што е можно најмалку наметлив пристап со цел да го заштитат здравјето на луѓето.

# КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на ова истражување беа уредбите со законска сила донесени за времетраење на вонредната состојба, од 18 март 2020 до 22 јуни 2020. Во фокус на анализата е нивното правно дејство како прописи со кои на поинаков начин се уредуваат правата и обврските на граѓаните и надлежностите на органите на државата, од она што е вообичаено кога не постои вонредна состојба.

Намена на анализата е да даде објективна и сеопфатна оценка за законодавната активност на Владата за време на вонредната состојба, опишувајќи, систематизирајќи и анализирајќи ги донесените уредби во однос на нивната уставност, пропорционалност и соодветност. Анализата дава оценка дали и во колкава мера уставните начела за заштита на човековите права и владеење на правото беа почитувани со донесените уредби. Дополнително, анализата прави обид да оцени дали, и ако да како, непостоењето на правна рамка која попрецизно ја уредува содржината, правната сила и постапката за донесување на уредбите влијаеше на процесот на нивно носење и примена.

Наодите и заклучоците од анализата ќе придонесат во иницирање на стручна правна дебата во однос на примената во пракса на уставната надлежност на Владата да донесува уредби со законска сила.

Тимот кој работеше на оваа анализа ги имаше поставено следниве **истражувачки цели**:

1. Да ги опише и класифицира донесените уредби во зависност од предметот и целите на нивното донесување;
2. Да ја анализира уставноста, пропорционалноста и соодветноста на уредбите; и
3. Да даде оценка дали и во колкава мерка уредбите влијаеа на правната сигурност и постапувањето на судовите и управните органи за време на вонредната состојба.

За потребите од прецизирање на истражувачката цел 2, употребените поими го имаат следново значење:

- **уставност** - Усогласеност на одредбите од уредбите со релевантните одредби од Уставот како и со темелните вредности на уставниот поредок дефинирани во чл. 8 од Уставот;
- **пропорционалност** - Воспоставување на правичен баланс помеѓу ограничувањето на одредени слободи и права и целта која треба да се постигне со уредбата; и
- **соодветност** - Предметот на уредување на уредбата е суштински поврзан и произлегува од причините поради кои е прогласена вонредната состојба.

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Прибирањето на податоците потребни за изработка на оваа анализа се спроведуваше преку непосреден пристап до донесените и објавени уредби во Службен весник. Покрај уредбите беа анализирани и законите чија примена се доуредува со уредбите. Целосна листа на сите анализирани уредби е содржана во анекс кон оваа анализа.

Секоја поединечна уредба беше анализирана со користење на рамка на индикатори. Индикаторите беа формулирани и групирани за да одговорат на секоја од истражувачките цели.

РАМКА НА ИНДИКАТОРИ ЗА АНАЛИЗА НА УРЕДБИТЕ

| Предмет на анализа | Индикатори |
|---|---|
| Предмет и содржина на уредбата | Вид на уредбата (уредба која се однесува на примена на одреден закон или уредба која самостојно уредува одредени односи)<br>Предмет на уредување<br>Содржина на уредбата<br>Временска важност<br>Измена и дополнување на уредбата (доколку има)<br>Иницирана и/или завршена постапка за оценка на уставност на уредбата пред Уставниот суд |
| Уставност | Дали уредбата е во конфликт со некоја одредба од Уставот?<br>Дали одредбите од уредбата се доволно јасни и прецизни и усогласени со соодветните одредби од Уставот и законите за да не предизвикаат проблеми при нивната примена во пракса? |
| Пропорционалност | Дали уредбата ги ограничува правата и слободите на граѓаните?<br>Дали е ограничувањето во согласност со Уставот и пропорционално на целите кои треба да се постигнат со уредбата? |
| Соодветност | Дали уредбата се однесува на прашање кое е непосредно или посредно е поврзано или произлегува од причината поради која беше прогласена вонредната состојба, справување со глобалната пандемија КОВИД-19? |

## ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Оваа анализа за предмет на истражување ги имаше само уредбите со законска сила како прописи, а не и останатите акти и одлуки донесени од Владата за време на вонредната состојба кои беа наменети за справување со последиците од КОВИД - 19 пандемијата. Причините за овој пристап лежат, пред сѐ, во потребата од задржување на истражувачкиот фокус на уредбите со законска сила како посебен пропис во домашниот правен систем, кои за прв пат од независноста влегоа во правниот систем оваа година, во отсуство на воспоставена пракса и без законска рамка за нивната содржина и правна сила покрај уставните одредби. За разлика од нив, одлуките и останатите акти се уредени со посебни закони (Закон за здравствена заштита, Закон за заштита на населението од заразни болести, Закон за справување со кризи итн.).

Дополнително ограничување е и тоа што анализата не може да навлезе во оценка на примената во пракса и ефектите од одредена уредба поради отсуството на податоци во оваа фаза. Сепак останува потребата, особено за одредени уредби кои се идентификувани во оваа анализа да се спроведат дополнителни емпириски истражувања за нивната примена.

Уредбите кои се исклучиво од технички карактер и се однесуваа само за продолжување на законски рокови кои истекуваа за време на вонредната состојба, а притоа немаат импликации на човековите права и функционирањето на државните органи не се анализирани наративно во текстот на анализата.

# ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА – ПРАВНА РАМКА И МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ

## ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ВО УСТАВОТ НА РСМ

Вонредната состојба во компаративното право претставува посебен правен режим кој се воведува на целата или дел од територијата на државата за време на непосредна опасност или одредени вонредни внатрешни околности настанати поради нереди, елементарни непогоди, пандемии и слични настани кои го попречуваат секојдневното функционирање на државата. Вонредната состојба на директен начин овозможува државата да се справува со посебни ситуации на општо загрозување на егзистенцијалните интереси и потреби на општеството, притоа не излегувајќи од рамките на начелото на владеење на правото и постојано водејќи се од барањето за брзо отстранување на сите последици на вонредната состојба со целосна реафирмација на тоа начело[5].

Вонредната состојба како алатка за привремено уредување на функционирањето на државата во вонредни околности е уредена со членовите 125-128 од Уставот, кои на доста рестриктивен начин ги предвидуваат причините кои можат да доведат до прогласувањето на вонредната состојба. Уставот предвидува дека вонредната состојба се прогласува кога ќе настапат големи природни непогоди или епидемии и ја уредува постапката со која таа се прогласува. Одлуката за прогласување на вонредна состојба има важност од најмногу 30 дена, а доколку е потребно да се продолжи вонредната состојба, неопходно е да се донесе нова одлука. За време траење на вонредната состојба, Владата има овластување да донесува уредби со законска сила кои се директно применливи во правниот поредок.

Постоењето на вонредна состојба во државата или на дел од неа го утврдува Собранието на предлог на претседателот на Републиката, Владата или пак на предлог од најмалку 30 пратеници, а потоа одлуката се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Доколку Собранието не е во можност да се состане, одлука за постоење на вонредна состојба донесува претседателот.

Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вонредна состојба според одредбите на Уставот. Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Ограничувањето на слободите и правата не може да се однесува на правото на живот, забраната на мачење, на нечовечко и понижувачко постапување и казнување, на правната одреденост на казнивите дела и казните, како и на слободата на уверувањето, совеста, мислата, јавното изразување на мислата и вероисповедта.

5 Правни аспекти на вонредната состојба - Македонска академија на науки и уметности, Центар за стратегиски истражувања „Ксенте Богоев“, мај 2020 година

## ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОВИД-19 ПАНДЕМИЈАТА

Потребата од прогласување на вонредна состојба поради КОВИД-19 пандемијата се јави во период кога Собранието беше распуштено. На 17 февруари 2020 година, пратениците во Собранието донесоа одлука за распуштање со цел да започне да тече задолжителниот рок од 60 дена за одржување на предвремени парламентарни избори.

Поради тоа, на предлог на Владата, вонредната состојба беше прогласена од страна на претседателот на РСМ. Одлуката за прогласување на вонредна состојба беше донесена на 18 март 2020 во траење од 30 дена, на 18 април во траење од 30 дена, на 18 мај во траење од 14 дена и 30 мај во траење од 14 дена. По постојаното продолжување, вонредната состојба заврши на 13 јуни, но два дена подоцна, претседателот донесе нова одлука за повторно прогласување на вонредна состојба во времетраење од 8 дена, почнувајќи од 15 јуни 2020 година. Согласно со членот 1 од новата одлука, вонредната состојба се прогласи на цела територија на државата заради подготовка и спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со мерки за заштита на јавното здравје во услови на пандемија на вирусот КОВИД-19. Вонредната состојба и официјално заврши на 23 јуни 2020 година.

## СТАНДАРДИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА

Имајќи ја предвид природата и сериозноста на пандемијата, очигледно беше дека преземените мерки неизбежно ќе навлезат во правата и слободите кои се интегрален и неопходен дел од демократското општество. Во својата збирка на алатки за земјите членки за почитување на демократијата, владеењето на правото и човековите права во рамки на кризата поврзана со коронавирусот КОВИД-19[6], Советот на Европа нагласува дека е прифатливо за време на вонредната состојба, владите да добијат општо овластување да донесуваат уредби со законска сила под услов тие општи овластувања да се со ограничено времетраење. Со ограничено времетраење потребно е да се и мерките кои се предвидуваат со овие уредби со законска сила.

Меѓународната правна рамка за човекови права предвидува можности за ограничување на определени човекови права во вонредни состојби, особено во насока на заштита на здравјето на луѓето. Така, некои рестриктивни мерки усвоени од земјите членки може да се оправдаат врз основа на одредбите од Европската конвенција за човекови права во врска со заштитата на здравјето, но за мерки од исклучителна природа може да бараат дерогација од обврските на државите согласно со членот 15 од Конвенцијата. Сепак, одредени права од Конвенцијата не дозволуваат никакви дерогации: правото на живот, освен во контекст на законит акт на војна (член 2), забрана за тортура и нечовечко или

6 Respecting democracy, rule of law and human rights in the framework of the COVID-19 sanitary crisis - A toolkit for member states, Council of Europe, 7 April 2020

понижувачко постапување или казнување (член 3), забрана на ропство и слугување (член 4, став 1) и правилото „нема казнување без закон“ (член 7). Не може да има дерогација од напуштањето на смртната казна или од правото да не се биде суден или казнет два пати (Протоколите бр. 6 и 13, како и член 4 од Протоколот бр. 7).

Дополнително, во Збирката на алатки за земјите членки, Советот на Европа потенцира дека за секоја дерогација:

- мора да постои јасна основа во домашното законодавство,
- да се обезбеди заштита од произволност и
- да биде строго неопходна за справување со причините поради кои е прогласена вонредната состојба.

Во ваква ситуација, иако Судот ги прифатил дерогациите за да се оправдаат одредени исклучоци од стандардите на Конвенцијата, тие никогаш не можат да оправдаат каква било постапка што е во спротивност со најважните барања од Конвенцијата за законитост и пропорционалност. Секоја дерогација од Конвенцијата ќе биде оценувана од Европскиот суд за човекови права во предмети кои ќе бидат покренати пред него[7].

Постои определена дилема во однос на потребата од дерогација. Логиката на дерогацијата е дека за време на вонредна состојба, на владите им е потребна флексибилност да се справат со заканите што се појавуваат и да ја искористат целата моќ дадена во државата за да ја ублажат ситуацијата дури и кога одредени права би можеле да бидат ограничени како резултат на ваквите мерки. Од друга страна, треба да се има предвид дека повеќето пропорционални, преземени мерки за да се спречи ширењето на коронавирусот се во рамките на отстапувањата предвидени како во самата Европска конвенција за заштита на човековите права, така и во другите меѓународни документи за човекови права со цел зачувување на јавната безбедност и јавното здравје. Суштината е дека апсолутните човекови права не подлежат на дерогација согласно со член 15, ниту на какви било други отстапувања согласно со меѓународните договори. Република Северна Македонија на 2 април 2020 година, со исклучителен недостаток на транспарентност и комуникација со јавноста од страна на релевантните институции, ја активираше клаузулата на член 15 од Европската конвенција за човекови права. Со тоа стана една од десетте земји кои го сторија тоа покрај Албанија, Ерменија, Естонија, Грузија, Латвија, Романија, Молдавија, Сан Марино и Србија[8].

За време на вонредната состојба во Северна Македонија во периодот од 18 март до 22 јуни, **Владата на РСМ донесе вкупно 250 уредби со законска сила**, во кои влегуваат изворните уредби, уредбите кои се насочени кон примена на одреден закон, како и уредби кои изменуваат и дополнуваат

7 Предизвици на судството во вонредна состојба – Центар за правни истражувања и анализи, јуни 2020 година
8 Notifications under Article 15 of the Convention in the context of the COVID-19 pandemic, достапно на: https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/webContent/62111354

претходно донесени уредби[9]. Во услови на недостиг на посебен закон кој би ја регулирал вонредната состојба во државата, како и правните дејствија, надлежностите и актите кои можат да бидат донесени, Уставот по овие прашања е недоречен. Имено, се поставува прашањето за обемот и границите на протегање на уредбите со законска сила кои ги носи Владата, а кои треба да бидат поврзани со прогласувањето на вонредната сотојба и итните мерки кои треба да бидат преземени во таа насока. Советот на Европа, исто така, препознава дека главниот општествен, политички и правен предизвик со кој се соочуваат земјите е делотворно да одговорат на оваа криза, истовремено обезбедувајќи дека мерките кои ги преземаат нема да го поткопаат вистинскиот долгорочен интерес за зачувување на европските темелни вредности на демократија, владеење на правото и човекови права.

Иако уредбите со законска сила се носат во насока на справување со причините и последиците на пандемијата, при непостоење на никаков надзор од страна на Собранието, се потенцира потребата за надзор за почитувањето на владеењето на правото и демократските вредности од страна на другите релевантни тела. Во овој контекст неопходно е да се нагласи важноста на Уставниот суд како единствен домашен контролор чија уставна надлежност е заштитата на уставноста и законитоста на донесените уредби со законска сила. Во таа насока, покрај неколкуте иницијативи, Уставниот суд на РСМ за прв пат постапуваше по сопствена иницијатива *(proprio motu)* оценувајќи ја уставноста и законитоста на пет од уредбите со законска сила при што одлучи да поведе постапка за оценување на уставност и законитост за три од оспорените уредби[10]. Притоа, во периодот по завршувањето на вонредната состојба, Уставниот суд разгледуваше 65 иницијативи за оценување на уставноста на уредбите со законска сила. Важно е да се напомене дека секоја интервенција и обид за влијание на одлуките на Уставниот суд значи минирање на единствената власт што е контролор на извршната власт во оваа состојба.

Воедно, не треба да се занемари и важноста на Народниот правобранител при непропорционалното и дискриминаторско ограничување на човековите права, но и на граѓанските организации кои будно ја следат состојбата со почитувањето на човековите права во услови на вонредна состојба и оправданоста на уредбите кои ги носи Владата.

9 Систематизиран преглед на уредби со законска сила донесени од Владата на Република Северна Македонија за време на вонредната состојба – Македонско здружение на млади правници, јули 2020 година

10 http://ustavensud.mk/?p=19701; http://ustavensud.mk/?p=19683

# АНАЛИЗА НА ДОНЕСЕНИТЕ УРЕДБИ

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Уредбите кои се однесуваат на здравствената заштита опфаќаат прашања кои се однесуваат на заштитата на населението од заразни болести, функционирањето на здравствените установи, правото на здравствено осигурување, пристапот до лекови и останати терапевтски средства.**

### ЗАШТИТА ОД ШИРЕЊЕ НА КОВИД-19

Уредба со законска сила за примена на законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на објавување: | 21.3.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 76/ од 24.06.2020, 94 од 07.04.2020, 97 од 09.04.2020, 100 од 13.04.2020, 136 од 27.05.2020, 153 од 09.06.2020, 156 од 12.06.2020 |
| Службен весник: | бр. 72/2020 | | |

Оваа уредба ја приспособува општата правна рамка за справување со заразни болести воспоставена со Законот за заштита на населението од заразни болести со посебните предизвици кои ги наметна потребата од спречување на ширењето и сузбивање на заразната болест КОВИД-19. Централна мерка која ја предвиде оваа уредба беше уредување на условите и постапката за примена на мерката строга изолација карантин. Дополнително, уредбата засегна и одредени прашања поврзани со користење на IT алатки за следење на болеста како и обврски на здравствените работници и микробиолошките лаборатории.

#### ОСНОВНА УРЕДБА

Основната уредба прави поделба на три категории лица на кои може да им се изрече оваа мерка: заболени лица, лица кои биле или за кои се сомнева дека биле во непосреден контакт со лице заболено од КОВИД-19 и лица кои влегуваат на граничните премини на територијата на државата.

- Заболените лица подлежат на строга изолација (карантин) во домашни услови или во здравствена установа во зависност од тежината на клиничката слика за што одлучува здравствен работник.
- Лицата кои биле или за кои се сомнева дека биле во непосреден контакт со лице заболено или инфицирано со КОВИД-19 подлежат на домашна изолација во времетраење од 14 дена врз основа на решение на Државниот санитарен и здравствен инспекторат. Доколку лицето не се придржува кон мерката му се одредува мерка строга изолација во објекти определени од Владата врз основа на решение на МВР и АРМ.
- Државјаните кои влегуваат на граничните премини подлежат на мерка строга изолација во објекти определени од Владата.

Безбедноста на објектите за строга изолација е доверена на МВР и АРМ. Покрај објектите во државна сопственост уредбата предвидува можност за користење хотели и мотели во приватна сопственост и го уредува начинот на нивно отстапување и надоместувањето на трошоците.

Уредбата понатаму предвидува трошоците за превоз на лицата од граничните премини и од Меѓународниот аеродром Скопје до објектите за државен карантин како и трошоците за исхрана, сместување и одржување на хигиената во објектите во кои се спроведува мерката карантин за лицата кои влегуваат на граничните премини во РСМ, се надоместуваат од средства од буџетот на Владата. Трошоците пак за лицата кои не ја почитувале мерката строга изолација (карантин) во домашни услови (домашна изолација), се надоместуваат од страна на тие лица.

Уредбата предвидува обврска за МВР и АРМ да поднесат кривична пријава против лице кое своеволно го напушта карантинот пред истекот на неговото времетраење. Доколку за ова лицето се определи мерка притвор, таа се спроведува во објектите обезбедени од страна на Владата на РСМ.

### *ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОСНОВНАТА УРЕДБА*

Со измената и дополнувањето од 24.03.2020 година се доуреди подетално начинот на спроведување на мерката строга изолација (карантин) и правата на лицата на кои им е одредена таква мерка, начините на одредување и објектите за спроведување на мерката. Ова посебно се однесуваше на обезбедувањето на објектите, издвојување на посебни простории за лицата кои покажуваат симптоми на вирусот, критериумите за исхрана, доставата на пратки (пакети) за потребите на лицата на кои им е определено мерка строга изолација (карантин), мерките за дезинфекција на објектот и други потребни технички работи.

На овој начин се надополнија недостатоците во основната уредба во поглед на организацијата на надлежните институции за преземање на мерки за заштита на населението кои предизвикаа одредени дилеми при нејзината примена.

Со дополнувањата од 07.04.2020 година се предвиде новина со која како мерка за сузбивање на заразата да може да се применат најнови технолошки достигнувања (интернет платформи, паметни апликации, електронски услуги и слично) преку кои се обработуваат личните податоци со должно следење на прописите од областа на заштита на личните податоци. Во уредбата дополнително се наведува дека ќе бидат преземени технички и организациски мерки за да се обезбеди ниво на безбедност на личните податоци соодветно на ризикот.

Врз основа на ова беше изработена апликацијата „Стоп Корона“, која досега е инсталирана од над 50.000 граѓани. Надлежните власти повикуваат дека апликацијата треба да се преземе за заштита на здравјето на граѓаните, наместо воведување на рестриктивни мерки. Според Министерот за информатичко општество и администрација, Агенцијата за заштита на лични податоци дала дозвола и гаранција за употребата на оваа апликација[11]. Апликацијата е изработена е од компанијата „Нексус“ и е достапна за телефоните „IOS“ и „Android“.

Граѓаните кои ја преземаат ќе треба да го вклучат *Bluetooth*-от на своите телефони кога се надвор од домот, за да можат да се снимаат контакти и да се мапираат ризичните интеракции. Приватноста е заштитена бидејќи апликацијата не користи име и презиме на оние кои ја користат, не ја покажува локацијата каде се движеле, туку само времето и информација со кого имал контакт заболениот кој исто така е анонимизиран.

Дополнувањето на уредбата од 13.04.2020 година го зголеми времетраењето кое треба да го поминат во строга изолација државјаните на Република Северна Македонија кои влегле во земјата по 13 април 2020 година, а претходно престојувале во земји со висок ризик од КОВИД-19 согласно со листата на СЗО. Наместо претходната 14-дневна изолација времетраењето за оваа категорија лица беше продолжено на најмалку 21 ден од денот на пристигнувањето во Република Северна Македонија. Причините за оваа мерка, особено во поглед на медицинската оправданост, не беа образложени во јавноста.

Измената од 27.5.2020 покрај тоа што го консолидираше делумно текстот на уредбата ги измени правилата за влез на државјаните или странците кои имаат претстојувалиште во државата. За влез во државата се наметна обврската од приложување на негативен PCR тест направен во последните 72 часа по што остана обврската од домашна изолација во живеалиштето т.е. претстојувалиштето на лицето. Доколку не приложи PCR тест лицето оди во карантин во посебен објект.

Потешкотиите околу примената на мерката домашна изолација го наметнаа изменувањето на уредбата од 9.6.2020 со која се предвиде санкционирање на лицата кои одбиваат да примат решение за самоизолација, даваат лажни податоци или не ја почитуваат мерката домашна самоизолација со изолација во објект врз основа на решение на МВР.

Последното дополнување на уредбата воспостави обврска за лекарите и микробиолошките лаборатории секое заболување или смрт како последица на КОВИД-19, односно позитивен лабораторски наод да го пријават до надлежниот центар за јавно здравје. Ова дополнување е карактеристично по тоа што единствено тоа ќе се применува и по престанокот на вонредната состојба до 31.12.2020 година.

11 https://360stepeni.mk/aplikatsijata-stop-korona-od-deneska-vo-upotreba-manchevski-uveruva-deka-e-bezbedna/

### *АНАЛИЗА НА УРЕДБАТА*

Оваа уредба засега и ограничува повеќе човекови права како на пример правото на слобода на движење, правото на семеен живот како и правото на приватност. ЕКЧП овозможува повеќе права и слободи да бидат ограничени врз основа на законски мерки што во едно демократско општество се неопходни за националната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на злосторства, заштитата на здравјето или моралот или заштитата на правата и слободите.

### *ВО ОДНОС НА СЛОБОДАТА НА ДВИЖЕЊЕ*

Проблематично кај оваа уредба беше зголемувањето на времетраењето на строгата изолација во државниот карантин на 21 ден за лицата кои доаѓаат од држави со т.н, висок ризик, ако се земе предвид дека препораката на СЗО[12] во однос на траењето е да не биде повеќе од 14 дена, со можно продолжување само во случаите кога лицето подолг период било изложено на вирусот. Ова го отвора прашањето на ограничување на правото на слободно движење, особено бидејќи не се образложени причините за примената на рестриктивни мерки кои може да ги остават лицата да бидат во 35-дневна строга изолација доколку не развиле симптоми на вирусот, наместо примена на превентивни мерки (контролни тестови, здравствени прегледи).

Ограничувањата за слободно движење треба да бидат строго неопходни за таа намена, пропорционална и недискриминаторна. Достапноста на ефективно и генерализирано тестирање и и насочени мерки за карантин можеше да ја намали потребата за повеќе недискриминирачки ограничувања.

Уредбата бележи недостатоци во поглед на обезбедувањето превентивна здравствена заштита за лицата кои се/биле под строга изолација, а не покажуваат симптоми на вирусот или т.н. асимптоматски случаи. Согласно со здравствените препораки на епидемиолозите во земјата, лицата кои државниот карантин го поминале без симптоми на вирусот, должни се да поминат уште 14 дена во домашна изолација, односно вкупно 28 денови во строга изолација со образложение дека постои ризик од изложеност на вирусот за време на строгата изолација. Имено, во уредбата беше пропуштено да се уреди како и дали тие лица ќе бидат здравствено проверени, со што беше доведена во прашање ефективноста на давање здравствена заштита за лицата под државен карантин.

Ова е особено важно ако се земе предвид дека граѓаните кои се сместени во објекти определени од Владата доаѓаат од ризични, средно ризични и многу ризични земји според листата на СЗО и тие треба да бидат детално прегледани од страна на здравствен работник, или врз тие лица, по завршувањето на мерката за самоизолација од 14 дена да биде спроведен

12 https://www.who.int/news-room/articles-detail/key-considerations-for-repatriation-and-quarantine-of-travellers-in-relation-to-the-outbreak-of-novel-coronavirus-2019-ncov

тест за проверка на зараженост со коронавирусот КОВИД-19. На тој начин ќе биде обезбедена здравствена заштита со што ќе се овозможат услови за рано откривање на заразата како превенција на ширење на вирусот, без притоа да се доведе во прашање целисходноста на дополнителното ограничување на нивното движење. Уредбата воопшто не го опфаќа начинот на давање и пружање на здравствена заштита на лицата кои се дојдени од ризични земји, освен во членот 3-в со кои е определено во објектите кои служат за строга изолација (карантин) да постои посебна просторија за лицата кои покажуваат симптоми на вирусот.

### *ВО ОДНОС НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ*

Примената на информатички технологии при обработка на лични податоци за здравствени цели е уште една од низата мерки кои ги презеде Република Северна Македонија при справувањето со заразата и ширењето на вирусот КОВИД-19. Овој пристап е распространет и во државите во регионот и Европската Унија, но беше предмет на одредена критика поради степенот на обработка и користење на личните податоци.

Веб-страницата stop.koronavirus.gov.mk содржи бројни информации кои се потребни за информирање на граѓаните. Објавена е Политиката за приватност во која се уредени начините за заштита на нивните лични податоци, кои се нивните права како субјекти на личните податоци, но и кои се обврските на оној кој ги обработува личните податоци прибирани со користењето на мобилната апликација со оглед на тоа дека злоупотребата на личните податоци претставуваат повреда на приватноста и на правото на заштита на личните податоци и подлежат на санкции согласно со закон.

Согласно со Законот за заштита на личните податоци, обработката на податоци што се однесуваат на здравјето на луѓето е забранета, а може да се врши само во строго утврдени исклучоци согласно со закон. Обработката на личните податоци на лица кои се инфицирани со корона вирусот или пак се во домашна изолација или државен карантин, како и нивно објавување и какво било друго споделување без законски основ би претставувало прекршување на одредбите од Законот за заштита на личните податоци, а дополнително ваквиот начин на обработка на личните податоци претставува кривично дело „Злоупотреба на лични податоци“ од член 149 од Кривичниот законик за што е пропишана парична казна или казна затвор. Видно, националното законодавство предвидува соодветна заштита на личните податоци, а исклучоците не се однесуваат на објавување на лични податоци за инфицирани лица или лица кои се во државен карантин, туку на следење на геолокацијата на мобилниот број.

Со цел соодветно да одговори на новиот бран на апликации и интернет платформи во Европа за следење на движењето на граѓаните за здравствени цели, Советот на Европа објави Заеднички став за заштита на личните податоци

во контекст на кризата поврзана со пандемијата од Ковид-19[13]. Една од главните препораки е апликациите од ваков тип да бидат со ограничено времетраење и да се инсталираат и користат само на доброволна основа. Неопходно е секоја апликација да вклучува заштитни мерки за корисниците со што би се намалиле ризиците од злоупотреба на податоците, како на пример да се осигураат дека не се користат податоците за локацијата за други цели освен за здравствена заштита, како и да се спречи директна идентификација на лицата кои ја користат.

Како што беше напоменато, апликацијата Стоп Коронавирус беше воведена во Северна Македонија како бесплатна апликација која се користи на доброволна база, а Политиката на приватност на податоците и начинот на кој се користат личните податоци на корисниците беа јавно објавени и споделени на веб-страницата и на самата апликација.

### Уредба со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот Ковид-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | **22.4.2020** | **Измени и дополнувања:** | **бр.118 од 07.05.2020, бр.125 и бр.126 од 15.05.2020** |
| **Службен весник:** | **бр. 107/2020** | | |

Оваа уредба се однесува на носењето лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 и заштита на населението, како и надзорот над спроведувањето на носењето лична заштита на лицето, за време на траењето на вонредната состојба. Имено, уредбата ги задолжува сите домашни и странски физички лица на територијата на државата да носат лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип. Под заштита се подразбира каква било форма на заштита која што ги покрива пределот на носот и устата. Во однос на правните лица, сите домашни и странски правни лица се должни во своите седишта, подружници и објекти во кои ја обавуваат својата дејност, да обезбедат носење лична заштита на лицето од страна на сите физички лица кои работат и да забранат влез и движење низ овие простории на секое физичко лица кое влегува како посетител во овие простории, а кое нема да носи лична заштитна опрема. Уредбата е во насока на заштита на здравјето на граѓаните и спречување на ширење на КОВИД-19. Меѓутоа, треба да се има предвид дека не сите категории на граѓани можат да си дозволат да купуваат маски особено оние кои припаѓаат на социјално ранливите групи, па поради тоа се овозможи како средства за заштита да се користат и текстилна маска, марама, шал и сл.

13 Joint Statement on the right to data protection in the context of the COVID-19 pandemic by Alessandra Pierucci, Chair of the Committee of Convention 108 and Jean-Philippe Walter, Data Protection Commissioner of the Council of Europe Strasbourg, 30 March 2020

### Уредба со законска сила за задолжителна самоизолација при тестирање за присуство на коронавирус Ковид-19 за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 22.4.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 107/2020 | | |

Според оваа уредба сите домашни и странски физички лица, симптоматски и асимптоматски, на кои им е извршено тестирање за присуство на коронавирус КОВИД-19 во нивниот организам, се ставаат во задолжителна самоизолација и тоа од моментот на земањето на материјалот за тестирање (брис од уста, брис од грло, брис од нос, крв и слично), сè до добивањето на негативен резултат.

Самоизолацијата трае до добивање на негативен резултат од тестирањето и се спроведува во домот на лицето или во стан или куќа каде што лицето може да биде целосно изолирано од лицата со кои живее (викенд куќа, стан во кој што не живее и слично).

За времетраење на самоизолацијата, лицето во самоизолација не смее воопшто да излегува, треба да ги сведе на апсолутен минимум контактите со лицата со кои што живее (ако не може целосно да се одвои) и треба да ги почитува препораките на Министерството за здравство во врска со самоизолацијата. Непочитувањето на оваа мерка подлежи на прекршочна одговорност.

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба, како и до завршување на пандемијата со КОВИД-19 прогласена од Светската здравствена организација. Потребата од ограничување на слободата на движење кое се врши со оваа уредба е оправдано и во согласност со чл. 27 од Уставот.

### Уредба со законска сила за примена на законот за јавните собири за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 20.03.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 71/2020 | | |

Со **уредбата со законска сила за примена на Законот за јавните собири за време на вонредна состојба**[14] донесена на 20 март 2020г. се забранува одржување на јавни собири на територијата на РСМ, за време на траење на вонредната состојба. Правото на мирен собир е фундаментално човеково право кое може да се ужива и да се практикува од индивидуи и групи, регистрирани и нерегистрирани здруженија, правни лица и сл.

Европската конвенција за човекови права[15] во член 11 и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права[16] во член 21, го регулираат ова право, кое согласно со законите за нивна ратификација, претставуваат составен дел од нашиот домашен правен систем.

14 „Службен весник на РСМ„, бр. 71 од 20.3.2020 година
15 Потпишана на 4 ноември 1950 година. Стапи во сила во 1953 година.
16 Потпишан на 16 декември 1966 година. Стапи во сила во 1976 година

Овие два меѓународно правни документи имаат предвидено основи согласно со кои се ограничува правото на мирен собир доколку ограничувањето е во согласност со закон, а е неопходно во едно демократско општество и во интерес на заштита на националната безбедност или јавната безбедност, јавниот поредок и заштита на здравјето на другите.

Во секој случај, сите ограничувања на правото на мирен собир мора да се во согласност со принципот на пропорционалност, поточно мора да постои рамнотежа помеѓу природата и опсегот на ограничувањето и целта која се сака да се заштити со таа интервенција од страна на државата.

Ефективното уживање на правото на јавен собир е репер за современите демократски општества. Нивното ограничување е дозволено само доколку е предвидено со закон и е пропорционално на легитимната цел која треба да се постигне, вклучувајќи и заштита на здравјето.[17]

Ова право е уставно загарантирано во член 21 од Уставот на РСМ каде е предвидено дека: „Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола". Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба". Во овој случај, времено забранување на јавните собири предвидено со оваа уредба со законска сила претставува дозволено ограничување на уживањето на правото на собир. Ограничувањето е соодветно затоа што постојат неспорни докази дека собирањето и неодржувањето на дистанца го олеснува ширењето на заразата. Од друга страна пак ограничувањето е пропорционално. Ризикот од ширење на заразата е докажан и реален. Со забраната за собири ефективно се надминува овој ризик. Од друга страна пак, целта на правото на јавен собир е истакнување на одредено општествено барање или несогласување. Новите технологии овозможуваат остварување на ова право, на јавно изразување на мисла и здружување и во форми кои не бараат непосреден контакт на лица. Од таа причина ограничувањето е сосема пропорционално со целите кои имаат намера да се постигнат.

## ОСТАНАТИ УРЕДБИ КОИ СЕ НАСОЧЕНИ КОН СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕ НА ЗАРАЗАТА

Владата со неколку уредби ги зајакна капацитетите за сместување на лица во строга изолација преку користење на објекти во државна сопственост со уредбата со законска сила за примена на Законот за ученичкиот стандард за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.84 од 30.03.2020) и уредбата со законска сила за примена на Законот за студентскиот стандард за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.84 од 30.03.2020).

17 Совет на Европа, „Почитување на демократијата, владеењето на правото и човековите права во рамки на санитарната криза поврзана со КОВИД-19", Збирка на алатки за земјите членки, 2020

Од друга страна, пак, преку уредба со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.103 од 16.04.2020 и дополнувањата) Владата го уреди начинот на кој што треба да биде организирана работата во објектите каде се врши трговија со цел да се намали можноста за ширење на болеста. Идентична беше целта и со уредбата со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.107 од 22.04.2020 и дополнувањето) во однос на банките, уредбата со законска сила за примена на Законот за поштенските услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.107 од 22.04.2020.) во однос на поштите.

## ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

### Уредба со законска сила за примена на законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на објавување: | 22.4.2020 | Измени и дополнувања: | бр.84 од 30.03.2020, бр.100 од 13.04.2020, бр.140 од 29.05.2020, 156 од 12.06.2020, бр.169 од 22.06.2020 |
| Службен весник: | бр. 107/2020 | | |

Уредбата се применува за време на траење на вонредната состојба и го регулира вршењето на дејноста интензивна нега и терапија на пациенти инфицирани од КОВИД-19. Имено, во членот 2 од уредбата е дефинирана примарната цел која е да овозможи приватните здравствени установи кои се надвор од мрежата на здравствени установи, а кои вршат дејност за интензивна нега и терапија, да ја вршат оваа дејност во мрежата на здравствени установи со цел укажување на здравствени услуги на пациентите инфицирани од вирусот. Дополнително, во истиот член уредбата посочува дека Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија ќе склучи договор со кој ќе ги опфати обемот и видот на здравствените услуги кои здравствената установа ќе ги врши за време на важењето на уредбата, а согласно со прописите од областа на задолжителното здравствено осигурување.

Со оваа уредба, сите приватни здравствени установи се ставени на располагање, односно во служба на државата со цел да се зголемат ресурсите за интензивна нега и терапија на заболените лица. Притоа, согласно со уредбата, вклучувањето на приватните здравствени установи во терапијата и негата на заболените лица ќе биде правно регулирано со договор од Фондот за здравствено осигурување.

Уредбата беше дополнета на 30 март со измена со која се предвиде дека со оваа уредба приватните здравствени установи кои се надвор од мрежата на здравствени установи, а кои укажуваат здравствени услуги за детекција на вирусот КОВИД-19, со PCR метода ќе ја вршат оваа услуга во мрежата на здравствени установи. Обемот и видот на услугите кои ќе произлегуваат од овие дејности се предмет на договор меѓу установата и Фондот за здравствено осигурување согласно со самите одредби од уредбата.

**Донесените мерки се пропорционални, а уредбата е донесена во духот на причините за прогласената вонредна состојба и е во согласност со Законот за здравствена заштита.** Имено, самиот Закон за здравствена заштита во делот за вршење на здравствена дејност во вонредни услови, кризни состојби и во услови на штрајк, предвидува дека во вонредни услови и кризни состојби **здравствените установи се должни да ја приспособат својата работа и да преземат мерки за непречена работа и за отстранување на последиците од таквата состојба**[18].

Уредбата беше повторно доуредена со уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствена заштита за време на вонредна состојба[19]. Ова дополнување го регулира престанокот на договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето поради возраст на здравствен работник, односно здравствен соработник.

Имено, во членот 2 се востановува дека престанувањето на вработувањето по сила на закон, со престанок на договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето на здравствен работник или соработник, поради возраст, се одложува за време на траењето на вонредната состојба во случај на стекнување на право на старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (во однос на мажите), односно 62 години живот (во однос на жените) согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување[20].

Понатаму, истиот член уредува дека престанувањето на вработувањето по сила на закон поради возраст се одложува и во ситуации кога здравствен работник односно здравствен соработник ќе наполни 64 години возраст, или кога со писмена изјава до работодавачот ќе побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст согласно со Законот за работни односи[21].

Дополнително, членот 3 утврдува дека започнатите постапки за престанок на договор за вработување или договор за продолжување на вработувањето на здравствен работник, односно здравствениот соработник, поради возраст, се одложуваат за време на траењето на вонредната состојба.

Практично, со оваа уредба се ограничува оствареното право на пензија на сите здравствени работници во државата во време на траењето на вонредната состојба донесена поради заштита и спречување на ширење на коронавирусот КОВИД–19.

18 Член 283 од Законот за здравствена заштита

19 Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствена заштита за време на вонредна состојба бр. 44-3059/1. Уредбата стапи во сила со објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 100 од 13.04.2020 година.

20 Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РСМ" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19 и 31/20).

21 Законот за работни односи („Службен весник на РСМ“ бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19).

Правата и обврските на работниците и на работодавачот од работен однос во здравствената дејност, како и обемот и начинот на остварување на правата, обврските и другите одредби од интерес на работниците и работодавачот и постапката за решавање на меѓусебните спорови се уредуваат со Колективниот договор за здравствената дејност на Република Северна Македонија. Во делот 6 на Колективниот договор каде што се уредува престанокот на работниот однос поради возраст, членот 88 предвидува дека доколку на работник му се прекине договорот за вработување поради исполнување на услови за старосна пензија согласно со закон, работодавачот може да го продолжи договорот за вработување најмногу до 65 години возраст на работникот, доколку работодавачот оцени дека има објективна потреба да продолжи со работата или ако нема друг работник кој би продолжил да ја врши таа работа. Имајќи го предвид ова може лесно да се воочи неопходноста од донесувањето на оваа мерка.

Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствена заштита во време на вонредна состојба бр. 44-2448/1 од 23.03.2020 година е оправдана поради начинот на кој го регулира вршењето на дејноста интензивна нега и терапија за лица заболени од вирусот КОВИД-19, и го регулира престанокот на договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето поради возраст на здравствен работник, односно здравствен соработник. Притоа, одредбите од оваа уредба се во согласност со одредбите за работа и функционирање на здравствените установи предвидени во самиот Закон за здравствена заштита и Колективниот договор за здравствена дејност.

Оваа мерка е соодветна и пропорционална. Справувањето со здравствените последици од заразата бара зајакнување на здравствените установи со човечки капацитети без кои здравствениот систем може да се доведе до крах. Секоја мерка со која се спречува намалувањето на бројот на здравствени работници е нужна заради ефективно справување со кризата. Во однос на пропорционалноста постои одредена резерва во општиот опфат на здравствените работници, независно дали нивното работно место или специјалност е поврзана со справување со последиците од кризата посредно или непосредно. Не може да се смета за пропорционалност забрана за пензионирање на здравствен работник чија специјалност (пр. физикална медицина или дерматологија) не е суштествена за справување со кризата.

### Уредба со законска сила за примена на законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 06.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр.140 од 29.05.2020, бр. 156 од 12.06.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 92/2020 | | |

Со Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствено осигурување за време на вонредна состојба, донесена на 6 април 2020 година им се овозможува на осигурениците на кои им се ускратени правата од задолжителното здравствено осигурување поради нередовно уплатуван придонес или уплатата на придонесот

задоцнила повеќе од 60 дена, односно имаат долг за неплатен придонес како и државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани по ниту еден основ, да можат во здравствените установи да користат здравствени услуги поврзани со дијагностицирање и лекување од коронавирусот КОВИД-19 на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

## ИНТЕРВЕНТНИ НАБАВКИ ЗАРАДИ СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19

Со цел да се обезбеди достапност до соодветни медицински средства и материјали за лекување и заштита од КОВИД-19 Владата преку следниве уредби со законска сила спроведе три интервентни набавки отстапувајќи од системот воспоставен со Законот за јавни набавки:

- Уредба со законска сила за интервентна набавка на респираторни машини за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.90 од 04.04.2020)
- Уредба со законска сила за интервентна набавка на заштитни маски со цел спречување на последиците од корона вирусот (covid-19) за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.100 од 13.04.2020.)
- Уредба со законска сила за интервентна набавка на медицински ракавици за време на траење на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.100 од 13.04.2020.)

Центарот за граѓански комуникации, мониторирајќи ги јавните набавки во време на вонредната состојба со коронавирусот има констатирано дека новонастанатата состојба несомнено наметнува потреба од итни набавки на стоки, услуги и работи за заштита и превенција, но тоа не е причина да не се внимава на рационалното трошење на народните пари, како и на транспарентноста на процесот зашто оваа пракса претставува потенцијален ризик од корупција.

Согласно со извештајот на ЦГК, заклучно со 5 април 2020 година, објавени се вкупно 17 известувања за склучен договор како и 12 одлуки дека е избрана најповолна понуда и дека ќе се склучи договор. До Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) биле доставени мал број договори, што го отвора прашањето дали институциите ја почитуваат законската обврска – известувањата за склучените договори и самите договори да ги објават во рок од десет дена од склучувањето на договорот. Тоа е важно бидејќи овие известувања се единствениот извор на информации за ваквите набавки, за кои не се објавува ниту оглас, ниту тендерска документација. Во половина од склучените договори за итни набавки, според наодите од извештајот, се преговарало само со една фирма.

Има договори во кои стои само дека се набавиле „маски“ или „ракавици“, без да се прецизира за какви точно станува збор бидејќи, во зависност од видот и од нивните карактеристики, цената може да варира. Иако уредбата е донесена согласно со законските овластувања на владата, сепак треба да се внимава да не се искористи ситуацијата и да се злоупотреби законската рамка и акти. Законот за јавни набавки не предвидува посебна категорија „интервентна набавка“ и таа како таква е отелотворување на владиното овластување да носи акти со законска сила.

# ОРГАНИЗАЦИЈА И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

**Вонредната состојба и пандемијата ја наметнаа потребата од доуредување на начинот на кој се организирани и функционираат органите на државната власт.**

## Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес

| Датум на објавување: | 21.3.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 154/ од 10.06.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 72/2020 | | |

Имајќи предвид дека кризата ја затекна нашата земја во предизборие, поради очигледната неможност за одржување на изборите како и потребата за заштита на јавното здравје, со политички консензус од страна на политичките партии беше донесена одлука за одложување на изборите на 21.03.2020 година што ја наметна и потребата од донесување на оваа уредба.

Со оваа уредба се регулираат прашања поврзани со изборниот процес, се изменува и дополнува Изборниот законик и се утврдува прашањето за примена на одредби од законите кои се однесуваат на изборниот процес. Уредбата го продолжи мандатот на членовите на Државната изборна комисија кој ќе трае 6 месеци од денот на одржување на изборите за пратеници во Собранието на РСМ и со неа се прекинуваат сите изборни дејствија за спроведување на изборите закажани за 12 април 2020 година.

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес заради вонредната состојба прогласена за ефикасно спречување на внесување и ширење на коронавирус КОВИД-19, и заради тоа што Собранието на Република Северна Македонија не се состанува за да ја поништи одлуката за распуштање.

Оваа уредба не е поврзана со директна здравствена заштита на здравјето на луѓето или со усвојување на економски мерки кои ќе ја ублажат штетата врз економијата како резултат на вонредната состојба. Сепак, таа уредува прашањата кои ги регулира и кои се директно поврзани со актуелната состојба и пандемијата како причина за одложувањето на изборите и таа има посреден ефект и општествена оправданост. Имено, во услови кога Собранието не е во можност да се состане и да ја укине одлуката за распишување на изборите која беше донесена пред прогласувањето на вонредната состојба и избивање на пандемијата со коронавирус, Владата ја донесе оваа уредба со цел да се прекине течењето на роковите за организирање на изборите кои беа одложени со консензус од политичките партии. Во уредбата набројани се членови на Изборниот законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси кои не се применуваат, а се однесуваат на забрана за нови инвестиции и вонредни исплати. Уредбата предвидува од денот на стапување во сила на оваа уредба па сè до денот на престанок на вонредната состојба да не се преземаат никакви дејствија врз основа на Изборниот законик, а спроведувањето на изборните дејствија да продолжи од денот на престанок на вонредната состојба.

Венецијанската комисија во повеќе наврати истакна дека одржувањето демократски избори и оттаму самото постоење на демократија е невозможно без почитување на човековите права, а ограничувањата на фундаменталните права мора да бидат во согласност со Европската конвенција за човекови права и, законите да се од јавен интерес и да го почитуваат принципот на пропорционалност. Сепак и Венецијанската комисија го оправдува одложувањето на изборите како легитимна цел за одржување на уставниот поредок во одредени исклучителни ситуации како што се вонредната состојба или природните катастрофи. Тешките кризи влијаат врз сите општествени промени и лесно може да придонесат кон влошување на политичката атмосфера и отворање на (нови) политички конфликти.

Во услови на пандемија, а заради неопходната потреба успешно да се спроведат мерките за справување со коронавирусот во земјата, донесената Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборниот процес предвидува одложување на изборите и запирање на изборните дејствија и е општествено оправдана, неопходна и пропорционална, а притоа оваа уредба има и уставна основа.

### Уредба со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во собранието на 15 јули 2020 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | **15.6.2020** | **Измени и дополнувања:** | **бр. 169/ од 15.06.2020** |
| **Службен весник:** | **бр. 160/2020** | | |

Оваа уредба отстапува од погоре споменатата уредба која исто така се однесува на изборите со тоа што посебен предмет на уредување е организација на изборите за пратеници закажани за 15 јули 2020. Уредбата се однесува на роковите за преземање на изборните дејствија, обврските на различните државни органи во процес како изборната кампања. Особен фокус во оваа уредба е даден на спецификите на организација на избори во услови на постоење опасност од ширење на заразна болест.

### Уредба со законска сила за примена на законот за заштита и спасување за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | **27.03.2020** | **Измени и дополнувања:** | |
| **Службен весник:** | **бр. 82/2020** | | |

Со овој акт се уредува координирањето на работата на штабовите на единиците на локалната самоуправа (општините и Градот Скопје), за време на траење на вонредната состојба. Врз основа на оваа уредба се основа координативно тело сочинето од главен координатор, заменик на главниот координатор и 8 членови. Главен координатор на координативното тело е заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања додека негов заменик е директорот на Дирекцијата за заштита и спасување. Членови на координативното тело се државните секретари на Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и 5 члена од редот на инспекторите за заштита и спасување во Дирекцијата за заштита и спасување.

Она што е дискутабилно во поглед на оваа уредба е фактот што главен координатор на ова тело е заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања. Останува прашањето на капацитет и компетентност на лице кое е задолжено за европски прашања да биде одговорен за координирање на локални штабови во однос на областа на Законот за заштита и спасување наместо таа улога да ја има лице од областа релевантна на законот.

### Уредба со законска сила за утврдување на задачи на армијата за време на траењето на вонредната состојба

| Датум на објавување: | 21.03.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 72/2020 | | |

Оваа уредба беше донесена со цел да се стави во функција армијата во поддршка на полициските сили, единиците на локалната самоуправа, органите на државната управа или на други државни институции. Уредбата е применлива бидејќи генерално ги уредува начинот, условите и активностите во кои Армијата на РСМ ќе се вклучи во поддршката на полициските сили. Ова е од клучно значење бидејќи зависно од размерот кој ќе го заземе епидемијата полициските сили нема да имаат доволно капацитети и ресурси за справување и заштита на редот и здравјето на луѓето.

Оваа уредба е во согласност со одредбите од Законот за управување со кризи. Со самата проценка на постоење услови за кризна состојба согласно со овој закон како и членовите 35 и 36 во целина со останатите одредби, донесувањето и целисходноста на оваа уредба е правно поткрепена. Процедурата е запазена во организацијата на силите на АРМ заедно со МВР преку управувачкиот комитет и оценувањето на ситуацијата која влијае врз здравјето и безбедноста на граѓаните на земјата како и зачувувањето на основните вредности и трајните и виталните цели на земјата.

Поголемо внимание треба да се посвети на упатствата кои дополнително се донесуваат од министерот за внатрешни работи за употреба на средства за присилба и особено употреба на огнено оружје. Покрај почитување на овие упатства ќе треба да се води сметка и за недискриминаторскиот однос на припадниците на Армијата без разлика на пол, раса, вера, националност, политичка припадност итн.

Поврзана со Армијата е и уредбата со законска сила за примена на Законот за одбрана за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.145 од 02.06.2020) со која се предвиде овластување на Владата да носи одлука за испраќање на активниот воен и цивилен персонал, припадниците на резервните сили на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции, за време на траење на вонредната состојба.

### Уредба со законска сила за примена на законот за внатрешни работи за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 26.03.2020 | Измени и дополнувања: | Бр. 95 од 08.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 79/2020 | | |

Уредбата предвидува дека полицаец-приправник по завршување на приправничкиот стаж се смета дека го положил посебниот односно приправничкиот испит и тој се распоредува на работно место полицаец во Министерството за внатрешни работи. Работниците во Министерството за внатрешни работи кои имаат статус на приправник се смета дека го положиле посебниот односно приправничкиот испит и тие се распоредуваат на соодветно работно место.

Имајќи предвид дека Министерството за внатрешни работи се соочува со зголемена потреба од кадар за време на вонредната состојба, може да се заклучи неопходноста, односно потребата од донесувањето на оваа уредба. Активирањето на полициските службеници кои го завршиле приправничкиот стаж, но не биле во можност да го полагаат приправничкиот испит пред почетокот на вонредната состојба е во насока на обезбедување доволен кадар за правилно функционирање на државата за време на вонредната состојба. Сепак, за оваа уредба да биде оправдана, потребно е да се утврди дека полицајците- приправници низ приправничкиот стаж ги стекнале потребните практични знаења за вршење на полициските должности што би се докажало со полагањето на конкретниот испит доколку постоеле услови за тоа. За таа цел потребно е да се даде оценка за полициските службеници при завршувањето на приправничкиот стаж и да продолжи да се следи и мониторира нивната работа и успешност.  Доколку пак имало опција да се спроведе тестот пред почетокот на вонредната состојба, но тоа не било направено, се става во прашање арбитрарноста на Уредбата и таа не може да се смета за оправдана.

### Уредба со законска сила за примена на законот за локалната самоуправа за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.84 од 30.03.2020)

| Датум на објавување: | 30.03.2020 | Измени и дополнувања: | Бр. 95 од 08.04.2020, бр. 169 од 22.06.2020. |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 84/2020 | | |

Со оваа уредба се одложи рокот за донесување на буџетот и годишната сметка на буџетот на општината утврден за време на траење на вонредната состојба. Со дополнувањето се доуреди начинот на свикување и раководење со седницата на советот. Одредбите од уредбата ќе се применуваат и по завршувањето на вонредната состојба до 31.12.2020.

Покрај претходно споменатите беа донесени и неколку уредби кои се однесуваат на правата од работен однос на вработените во дел од органите на државната власт:

- Уредба со законска сила за примена на законот за судска служба за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.95 од 08.04.2020)
- Уредба со законска сила за примена на законот за јавнообвинителска служба за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.95 од 08.04.2020)
- Уредба со законска сила за примена на законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.95 од 08.04.2020 дополнета со бр.97 од 09.04.2020).

Овие уредби го уредуваат користењето на правото на годишен одмор од страна на вработените во судската служба. Така, вработените во овие служби кои се работно ангажирани за времетраењето на времените мерки за заштита од ширење и превенција од коронавирусот КОВИД-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го искористат до 31 мај 2020 година, согласно со потребите на работниот процес и врз основа на одобрение од претседателот на судот и јавен обвинител на јавното обвинителство, соодветно.

На вработените во овие служби кои се ослободени од извршување на работата и работните задачи, согласно со мерките за заштита од ширење и превенција од коронавирусот КОВИД-19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година им се смета за искористен.

Овие уредби го уредуваат правото на годишен одмор кое е регулирано со член 32, став 4 од Уставот кое е комплексно право и има рекреативни, ментално хигиенски и други аспекти за обновување на психофизичката енергија на личноста.

Владата претходно донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба и Уредба со законска сила за примена на Законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба каде го уредува користењето на правото на годишен одмор на работниците вработени во приватниот сектор опфатени од времените мерки за заштита од ширење и превенција од коронавирусот КОВИД-19 и вработените во јавниот сектор.

# МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КРИЗАТА

**Пандемијата и мерките кои беа преземени за справување значително ја намалија економската активност, го доведоа во прашање опстанокот на цели сектори и негативно влијаеја на животниот стандард на огромен број луѓе. Со цел да се одговори на овие потреби беа донесени повеќе мерки за директна поддршка.**

## МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА ЕКОНОМСКИ СУБЈЕКТИ[22]

### а) Олеснувања во однос на јавните давачки

#### Уредба со законска сила за примена на законот за даночна постапка за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 26.03.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 128 од 18.05.2020 бр. 140 од 29.05.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 79/2020 | | |

Уредбата воведе одредени измени во даночната постапка и даде можност да се одложат даночните обврски. Сепак, оваа уредба е контрадикторна од причина што не се откажува од законската камата која се наплаќа помалку или повеќе платениот данок и споредните даночни давачки токму за време на вонредната состојба. Ова значи дека може да се запрат и да се одложат даночните обврски, но не и да се сопре нивната законска камата.

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 24 јуни 2020 година, донесе одлука за поништување на уредбата со законска сила за примена на Законот за даночната постапка за време на вонредна состојба. Според Уставниот суд, уредбата до одредена мерка го суспендира Законот за даночната постапка и се предвидуваат решенија кои се спротивни на овој закон, што не е во рамките на законската дефиниција за уредбите со законска сила. Поради тоа, конкретната уредба не може да опстојува во правниот промет од причина што овие прашања се регулирани со одредби во веќе важечки закон. Во одлуката на Уставниот суд исто така е наведено дека треба да се имаат предвид причините и целта којашто се сакало да се постигне со прогласувањето на вонредната состојба, а тоа е да се спречи ширењето на коронавирусот и да се заштити населението од последиците по здравјето од тоа ширење. Имајќи го предвид тоа, неспорно може да се заклучи дека овластувањата на Владата да донесува уредби со законска сила, треба да бидат во контекст на остварување на таа цел, односно во функција на преземање мерки со кои ќе се пресретне брзото ширење на заразата и мерки во функција на навремено дејствување заради справување и заштита на населението од последиците од ширењето на коронавирусот.

22 Трговски друштва, самостојни вршители на дејност и останати физички лица кои се бават со слободни занимања.

Уредба со законска сила за примена на законот за данокот на добивка за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 26.03.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 169 од 22.06.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 79/2020 | | |

Обврзниците на данокот на добивка кои имаат претрпено штети во своето работење поради последиците од справувањето со коронавирусот КОВИД-19, имаат право на ослободување од плаќање на износот на аконтациите на данокот на добивка за месеците март, април, мај, јуни и јули 2020 година. Ова право е ограничено на неколку дејности: угостителска дејност, туризам, транспорт и останати резервациски услуги како и дејностите поврзани со нив кои ги исполнуваат условите предвидени во уредбата.

Уредба со законска сила за примена на законот за данокот на личен доход за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 26.03.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 169 од 22.06.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 79/2020 | | |

Одредбите за ослободување од месечни аконотации на данок на личен доход остварен од вршење на самостојна дејност се во насока на финансиско помагање на приватните лица кои претрпеле штета и загуби во време на вонредната состојба. За да се изврши увид во користа и ефектот од оваа уредба потребно е да се изврши длабинска анализа на моменталната состојба и притоа да се обелодени официјалниот број на лица кои ја загубиле својата работа, како и бројот на лица чии работни места се под ризик поради мерките за спречување на ширењето на коронавирусот КОВИД-19. Имајќи предвид дека вкупниот број невработени лица евидентирани во Агенцијата за вработување во периодот од 1 март до 30 јуни 2020 година бележи зголемување од 17.111 лица,[23] треба сериозно да се истражи колку уредбата навистина помогнала на луѓето кои претрпеле штета и загуби во време на вонредната состојба.

## *ОСТАНАТИ УРЕДБИ*

Уредбата со законска сила за дополнување на уредбата за примена на Законот за земјоделското земјиште за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 102 0д 13.04.2020) го одлага плаќањето на годишна наемнина за закуп и се одлага можноста за едностран раскин поради неплатена закупнина за време на траење на вонредната состојба. Со уредбата со законска сила за примена на Законот за комуналните такси за време на вонредната состојба („Службен весник на РСМ“ бр. 154 од 10.06.2020) беа намалени комуналните такси за користење на простор пред деловните простории.

23 Агенција за вработување на Република Северна Македонија, „Преглед на евидентирани невработени лица 2020“ (2020).

### б) Непосредна финансиска поддршка на компании

Уредба со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 06.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 116 од 05.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 92/2020 | | |

Со оваа уредба се уредуваат условите, начинот и постапката на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, за месеците април, мај и јуни 2020 година. Согласно со уредбата, на работодавачот, за секој осигуреник, за месеците април, мај и јуни му се субвенционира износ за исплата на придонеси од задолжителното социјално осигурување во висина од 50% од пресметаните, но најмногу до 50% од придонесите од задолжителното социјално осигурување пресметани на просечната бруто-плата по работник во Република Северна Македонија, според податоците на Државниот завод за статистика објавени за месец јануари 2020 година. За користење на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжителното социјално осигурување, работодавачот треба да исполни одредени услови определени во уредбата.

Субвенционирање на износот за исплата на придонеси од задолжителното социјално осигурување согласно со оваа уредба со законска сила, не може да се оствари доколку работодавачот користи финансиска поддршка заради исплата на нето-плати. Поддршката за плати може да биде во износ од најмногу 14.500 денари месечно по работник за месеците април и мај 2020 година согласно со уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено–економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19. Условите за стекнување на ова право беа променети со измената и дополнувањето на оваа уредба.

Сепак, и покрај тоа што една од целите на овие мерки беше воедно да се поттикне намалувањето на отпуштања и одјавувања на работници, тоа во пракса никогаш не се случи. Само Хелсиншкиот комитет во периодот од 10 март до 30 јуни регистрираше 197 случаи на повреди на правата од работен однос, кои се однесуваа на 2723 работници, од кои најголем дел во врска со масовни отпуштања на работници.[24]

### *ОСТАНАТИ УРЕДБИ*

Финансиската поддршка за исплаќање на минимална месечна плата на работниците е овозможена со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите од приватниот сектор погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, заради исплата на

24 Хелсиншки комитет за човекови права, „Работничките права во време на коронавирусот – сумирани податоци за периодот 10 март-30 јуни", објавено на 8.7.2020 година.

платите за месеците април и мај 2020 година (Службен весник бр. 93 од 07.04.2020, бр. 97 од 09.04.2020) и Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД-19, заради исплата на платите за месеците април и мај 2020 година (Службен весник бр. 111 од 28.04.2020, бр. 113 од 01.05.2020, бр. 154 од 10.06.2020).

## в) Поддршка на поединечни сектори

Со оваа група на уредби се врши поддршка на поединечни сектори кои се погодени од последиците за справување со КОВИД-19 со специфични таргетирани мерки.

- Уредба со законска сила за примена на Законот за железничкиот систем за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 84 од 30.03.2020)
- Уредба со законска сила за примена на Законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 108 од 24.04.2020.)
- Уредба со законска сила за субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во медиумите (Службен весник бр. 156 од 12.06.2020)
- Уредба со законска сила за начин на наплата на надоместоците од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија од радиодифузерите кои вршат радиоемитување за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 157 од 13.06.2020.)

Овие уредби нема да се опишуваат и коментираат на ниво на сектор и дејност поради тоа што таргетираат конкретни проблеми со кои се соочуваат тие индустрии.

## г) Поддршка на физички лица кои вршат одредена дејност

Поддршката на физички лица кои вршат одредена дејност е уредена со следниве уредби:

- Уредба со законска сила за финансиска поддршка на самостојните уметници за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 90 од 04.04.2020)
- Уредба со законска сила за финансиска поддршка за спортисти стручни лица од областа на спортот и спортската администрација за време на вонредна состојба (Службен весник бр. 90 од 04.04.2020 и бр. 94 од 07.04.2020)
- Уредба со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 за време на вонредна состојба (Службен весник бр.92 од 06.04.2020, бр.156 од 12.06.2020)
- Уредба со законска сила за финансиска поддршка на уметници и други физички лица кои самостојно вршат дејности и други активности во областа на културата за време на вонредна состојба (Службен весник бр.139 од 28.05.2020.)
- Уредба со законска сила за финансиска поддршка на филмските работници за време на вонредна состојба (Службен весник бр.139 од 28.05.2020, бр.169 од 22.06.2020
- Уредба со законска сила за финансиска поддршка на естрадните уметници за време на вонредна состојба (Службен весник бр.154 од 10.06.2020, бр.163 од 16.06.2020)

### Уредба со законска сила за примена на Законот за финансиски друштва за време на вонредна состојба_

| Датум на објавување: | 4.4.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 90/2020 | | |

Оваа уредба се однесува на договорите и на промените на договорните услови за кредит, гаранции, кредитни картички и преземени побарувања спрема физичките и правните лица, како и спрема солидарните должници и заложните должници врз основа на кредити. Со уредбата се предвидува физичките лица кои се корисници на кредит да можат во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година да ги плаќаат обврските на месечен ануитет намален за најмалку 70% од редовниот месечен ануитет, а финансиските друштва за тоа да не смеат да пресметуваат и наплатуваат надоместоци, трошоци, провизии и/или казнени камати. Периодот на отплата, односно рокот за плаќање на намален месечен ануитет согласно со оваа уредба се продолжува за најмалку 90 дена по истекот на периодот од 1 април до 30 јуни. Обврските за помалку платените ануитети во наведениот период е предвидено да се одложат согласно со одобрениот рок за плаќање или рамномерно да бидат распределени во месечните ануитети кои ќе доспеат по 30 јуни 2020 година. За корисниците на кредити кои редовно ќе ги отплаќаат кредитите, без да го искористат правото за плаќање на намален месечен ануитет предвидено со оваа уредба, финансиските друштва можат да им дадат поволности во однос на отплатата на кредитот.

Во уредбата се опфатени и промените на условите од договорите за кредит склучени и со правни лица, за кои финансиските друштва ќе ги применуваат истите услови предвидени и за физичките лица. За договорите за кредит кои ќе се склучат во периодот од 1 април до 30 јуни 2020 година, оваа уредба ја предвидува можноста тие да се склучат со грејс период од три месеци во кој период финансиското друштво може да ја пресметува само договорната камата.

Секое финансиско друштво кое нема да постапи согласно со оваа уредба со законска сила Министерството за финансии со решение ќе му ја одземе дозволата за основање и работа.

Оваа мерка треба да ги олесни обврските на физичките лица кои трпат штети заради последиците од справувањето со вирусот и не е проблематична во поглед на усогласеност со Уставот. Временски определениот период од три месеци укажува кон запазување на пропорционалноста на одложувањето, но прашање е колку граѓаните навистина ќе можат да се опоравaт во толку краток рок за да продолжат со исплаќањето на своите обврски. Особено доколку должниците се дел од семејство на некој од најмалкуте 17.111 работници кои ги загубија своите работни места. Во тој поглед, мерката не е целосно соодветна затоа што не нуди вистински решенија што ќе се случува по истекот на трите месеци со оглед на тоа што справувањето со вирусот и последиците од тоа сè уште траат.

## СОЦИЈАЛНИ МЕРКИ[25]

### Уредба со законска сила за примената на законот за туристичката дејност за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 27.03.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 80/2020 | | |

Уредбата го уредува начинот на издавање на ваучери од страна на туристичките агенции за откажаните туристички аранжмани за време на траење на вонредната состојба. Имено, доколку туристичките агенции го откажале аранжманот за време на траење на вонредната состојба, тогаш тие се должни да издадат ваучери за туристичкиот ангажман кој може да се користи до 31.12.2021 година. Дополнително, доколку туристичката агенција донесе одлука за престанок на вршење на дејноста, тогаш тие се должни во рок од три месеци од денот на престанок на траење на вонредната состојба да ги уплатат средствата за аранжманот на корисникот на ваучерот. Уредбата ги штити потрошувачите во поглед на фактот што средствата уплатени за аранжманот можат да ги искористат по завршување на вонредната состојба додека вредноста на ваучерите ќе биде покриена од страна на буџетот на РСМ.[26]

Оваа уредба има претежно технички карактер и главната цел е да ги надмине состојбите кои ги затекнаа граѓаните со ограничувањата на меѓународниот сообраќај заради справување со вирусот КОВИД-19. Од тој аспект, критериумите за уставност, пропорционалност и соодветност на мерката се целосно запазени бидејќи Владата игра улога на некој вид посредник за да ги обештети двете засегнати страни.

25 Дел од социјалните мерки се однесуваат и на економските субјекти.
26 https://www.slobodnaevropa.mk/a/ваучери-за-туристичките-агенции-како-помош-во-корона-кризата/30506128.html

## Уредба со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците

| Датум на објавување: | 27.03.2020 | Измени и дополнувања: | бр.125 од 15.05.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 80/2020 | | |

Владата на 25.03.2020 донесе уредба со законска сила[27] за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците објавена во „Службен весник на РСМ", бр. 80 од 27.3.2020 година која е насочена кон одлуката за изменување и дополнување на одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик,[28] Законот за облигациони односи,[29] Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачките кредити,[30] Законот за договорен залог,[31] Законот за меница,[32] Законот за нотаријат,[33] и Законот за катастар на недвижности.[34] Имено, со уредбата им се дава можност на банките односно граѓаните за промена на условите за сервисирањето на кредитната изложеност од страна на должниците. Тоа подразбира банките да доставaт понуди кон должниците за времено престанување на отплата на основната главнина на кредитот односно должниците да ја плаќаат само каматата за кредитот. Со тоа, банките ги одржуваат своите тековни приходи додека месечниот товар на граѓаните во поглед на плаќањето на кредитите за време на вонредната состојба е малку разложен.

Оваа мерка треба да ги олесни обврските на физичките лица кои заради последиците од справувањето со вирусот имаат помал прилив и/или имаат потешкотии со исплата на доспеаните кредитни обврски. Слично како и уредбата со законска сила за примена на Законот за финансиски друштва за време на вонредна состојба и оваа уредба не е проблематична во поглед на усклaденост со Уставот. Временски определениот период на понудите укажува кон запазување на пропорционалноста на одложувањето, но прашање е колку граѓаните навистина ќе можат да се опоравaт во толку краток рок за да продолжат со исплаќањето на своите обврски. Особено доколку должниците се дел од семејство на некој од најмалкуте 17.111 работници кои ги загубија своите работни места. Во тој поглед, мерката не е целосно соодветна затоа што не нуди вистински решенија што ќе се случува по истекот на неколкуте месеци определени во понудата, која е дискретно право на банката, со оглед на тоа што справувањето со вирусот и последиците од тоа сѐ уште траат.

27 https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2020/03/банки-и-штедилници.pdf
28 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20
29 „Службен весник на Република Македонија" бр. 18/01, 4/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13 и 123/13
30 „Службен весник на Република Македонија" бр.51/11, 145/15, 23/16 и 20/19
31 „Службен весник на Република Македонија" бр.5/03, 4/05, 87/07, 51/11, 74/12, 92/12, 115/14, 98/15, 215/15, 61/16
32 „Службен весник на Република Македонија" бр.3/02, 67/10 и 145/15
33 „Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16, 142/16, 25/18 и 233/18
34 „Службен весник на Република Македонија„ бр. 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15 и 192/15

Уредба со законска сила за примената на законот за извршување за време на вонредната состојба

| Датум на објавување: | 01.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр.103 од 16.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 86/2020 | | |

Со уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба донесена на 25.03.2020 година, објавена во Службен весник 86/2020 од 01.04.2020 година се уредува начинот на постапување на извршителите за време на траење на вонредната состојба. Во периодот од 01.04.2020 до 30.06.2020 извршителите имаат обврска да запрат со какви било извршни дејствија освен следниве:

- дејствија во предметите за побарувања врз основа на законската распределба на средствата пристигнати на нивните посебни сметки, доколку за тоа се исполнети законските услови;
- дејствијата кои следуваат по наплатата на средства од должникот, успешно спроведени јавни надавања, или продажби со непосредна спогодба;
- примање на барања за извршување и електронско евидентирање во Уписникот за примени барања за извршување;
- изготвување на барања за податоци и информации за испитување на економската состојба на должниците и електронска достава до институциите;
- изготвување на налог за извршување врз недвижност и електронска достава до јавната книга заради прибележување на налогот;
- изготвување на налог за забрана за располагање и оптоварување на хартии од вредност и електронска достава до Депозитарот за хартии од вредност.

Работодавачите на должниците, ФПИОМ и носителите на платен промет во периодот од 1.4.2020 до 30.6.2020 запираат со постапување по налозите од извршувањето.

Судовите (основни и апелациони) се должни да одлучуваат по поднесените приговори - заради создавање услови за непречена распределба на средствата пристигнати на посебните сметки на извршителите.

Оваа уредба предивува сет на мерки од социјална природа со цел намалување на товарот на лицата кои трпат последици како резултат на вонредната состојба. Дополнително, уредбата овозможува да се продолжи со одредени извршителски дејствија кои не се однесуваат на неспоредно извршување. Како таква, уредбата е во согласност со Уставот и е пропорционална поради тоа што наоѓа средина помеѓу настанатите потешкотии на граѓаните и неодложните дејствија на извршителите. Сепак, повторно се наметнува прашањето за соодветноста поради тоа што за граѓаните за кои настапиле финансиските потешкотии ќе биде предизвик да ги отплат финансиските долгови и по 30.06.2020 година, кога официјално завршува запирањето со постапување по налозите од извршувањето.

### Уредба со законска сила за примена на законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 03.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр.136 од 27.05.2020 |
| --- | --- | --- | --- |
| Службен весник: | бр. 89/2020 | | |

Со оваа уредба се применуваат одредбите од истата по однос на дел од роковите определени во Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба. Имено, согласно со законските одредби, поточно во член 59 ст. 3 предвидено е секое невработено лице кое користи паричен надомест има обврска на секои 30 дена да се јавува во Агенцијата со цел да докаже дека активно барал работа во последниот месец. Понатаму, во член 59-а ст.1 е предвидено дека обврска за јавување во Агенцијата за вработување имаат и невработени лица на секои 30 дена со цел да докажат дека активно барале работа последниот месец, како и други лица кои бараат работа, а имаат обврска да се јавуваат на секои 6 месеци. Дополнително предвидено во ст.2 од истиот член е и дека невработените лица кои нема да ја исполнат претходно наведената обврска во рок од 30 дена по истекот на рокот на јавување се бришат од евиденцијата на невработени лица и може повторно да се пријави по истекот на една година, а корисниците на права по основ на невработеност го губат и правото. Во насока на тоа, оваа уредба се однесува токму на овие предвидени рокови за јавување во Агенција за вработување на РСМ, а кои согласно со законот истекуваат за време на траење на вонредната состојба, дека тие престануваат да течат за време на траење на вонредната состојба и се продолжуваат за 30 дена од денот на истекот на траењето на вонредната состојба. Со оглед на состојбата со вирусот и со ограничувањата во врска со физичкото присуство каде било, оваа уредба е сосема оправдана и на соодветен начин ги заштитува граѓаните од обврската за пријавување за времетраење на вонредната состојба. Таа е во согласност со Уставот и го исполнува условот за пропорционалност.

Од друга страна, Владата при презентирањето на третиот економски пакет ја презентираше мерката „Паричен надоместок за сите лица кои останале без работа од 11 март до 30 април 2020" како усогласување со барањата на синдикатите и граѓанските здруженија. Ова се јави како одговор на бројните злоупотреби на „спогодбените" раскинувања на договорите за вработување и изнудените изјави за престанок на работниот однос од страна на работниците. Поради тоа, многу работници и нивните семејства беа оставени без никакви примања и без можности за ново вработување за време на вонредната состојба. Со оваа мерка, сите лица кои ја изгубиле својата работа вклучувајќи ги и оние кои го прекинале својот работен однос преку писмена изјава, спогодбено или добиле отказ од работодавачот, ќе добиваат паричен надоместок од Агенцијата за вработување и тоа е несомнено добар почеток. Со надоместокот се опфаќаат најмалку 8.000 работници чијашто егзистенција беше сериозно загрозена затоа што беа

оставени без единствениот основ по којшто остваруваат примања. Сепак, Владата не го испочитува договорот овие лица да добиваат надоместок во временски период кој зависи од нивниот стаж, а не само од 2 месеца. Во наредниот период би било коректно Владата да ја усогласи и оваа мерка со логиката која стои зад Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и временскиот период на осигурување да го усогласи со работниот стаж, наместо со паушално одреден рок од два месеци за сите работници без разлика на нивниот стаж.

### Уредба со законска сила за примена на законот за облигационите односи за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 03.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр.156 од 12.06.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 89/2020 | | |

Со оваа уредба се определува висината на стапката на казнената камата за време на траење на вонредната состојба. Стапката се определува на месечно ниво (наместо на полугодишно согласно со ЗОО) и тоа во висина на каматната стапка од основниот инструмент од операциите на отворен пазар на НБРМ (референтна стапка), што важела на последниот ден од претходниот месец (наместо последниот ден од полугодието согласно со ЗОО), зголемена за 5% во трговските договори и договорите меѓу трговци и лица на јавното право (10% според ЗОО), односно зголемена за 4% во договорите во кои барем едното лице не е трговец (8% според ЗОО). Идентичните промени се однесуваат и тогаш кога побарувањето е изразено во странска валута.

Намалената висина на стапката на казнената камата, како и периодот и начинот на пресметка не влијаат на стапката, перидот и начинот на пресметка на договорната камата во договорите во кои барем едното лице не е трговец, склучени пред стапувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Оваа одредба претставува мерка од социјална природа за лицата како и од економска природа за правните лица со цел да се намали акумулацијата на долгови за времетраење на вонредната состојба. Иако мерката е од социјална природа нејзиното влијание врз акумулацијата на долговите затоа што се однесува за време на траење на вонредната сотојба (три месеци) ќе биде од незначително влијание. Тоа е така затоа што Владата не презентираше план за тоа како да се спречи акумулацијата на долгови по истекот на трите месеци. Во таков контекст, мерката се чини повеќе како ад хок одлука, отколку дека е дел од планиран процес за справување со неизбежната економска криза.

Уредба со законска сила за примена на законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 03.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр.108 од 24.04.2020 |
| --- | --- | --- | --- |
| Службен весник: | бр. 89/2020 | | |

Уредбата се однесува на: (1) утврдување на материјалната необезбеденост на домаќинство во постапката за остварување на правото на гарантирана минимална помош за месеците април и мај 2020 година; (2) остварување паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството; (3) рок за известување за секоја промена на фактите или околностите кои влијаат на користење на правото; и (4) вршење увид заради утврдување на исполнетост на условите во постапката за давање дозвола за вршење работа во социјална заштита.

Според уредбата, за материјално необезбедено се смета домаќинство чија вкупна просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во месецот ***- за разлика од последните три месеци како што е уредено со ЗСЗ*** - пред поднесување на барањето за остварување на правото на гарантирана минимална помош и во текот на користењето на правото е пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош.

Понатаму, домаќинство кое користи гарантирана минимална помош, остварува и паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за енергенси и за месеците април и мај 2020 година - ***за разлика од ЗСЗ кој предвидува користење на ова право само за месеците од октомври до март.***

Уредбата го продолжува и рокот во кој барателот има должност да го извести центарот за секоја промена на фактите од 15 на 30 дена.

Последниот дел од уредбата е од техничка природа и се однесува на примена на средства за електронска комуникација при вршење на увидот заради утврдување на исполнетоста на условите за давање на социјалната услуга во постапката за издавање на дозвола за вршење работа во социјална заштита.

Со уредбата се остварува едно од темелните начела на Уставот – хуманизмот, социјалната правда и солидарноста – и претставува остварување на обврската воспоставена во член 34 од Уставот според која Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Уредбата предвидува ***мерки за социјална заштита*** за лицата кои останале без приходи како последица на мерките и вонредната состојба, а до прогласувањето на вонредната состојба остварувале приход, да имаат право да се стекнат со гарантирана минимална помош.

На 24.04.2020 година оваа ***уредба беше изменета и дополнета со уредба со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба.*** Со уредбата со законска сила за примена на Законот за социјална заштита

за време на вонредна состојба беа уредени материјалната необезбеденост на домаќинство во постапката за остварување на правото на гарантирана минимална помош за месеците април и мај 2020 година, за остварување паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството, за рокот за известување за секоја промена на фактите или околностите кои влијаат на користење на правото и за вршење увид заради утврдување на исполнетост на условите во постапката за давање дозвола за вршење работа во социјална заштита, за време на траење на вонредната состојба.

***Со уредбата за изменување и дополнување*** се олесни и зголеми пристапот на материјално необезбедените домаќинства до правото на гарантирана минимална помош за месеците април до декември 2020, и се овозможува остварувањето на паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството и во месеците од април до септември 2020 година. Со оваа измена се продолжија роковите (од мај се продоложи до декември) за обезбедување на гарантираната минимална помош.

Исто така, во уредбата се дополни и се уреди надоместокот заради попреченост и надоместок за помош и нега од друго лице, и се продолжи за два месеци од денот на престанокот на вонредната состојба, а беше дополнета и со одредби за распоредување на работни места и вршење на стручна работа во установа за социјална заштита на стручните даватели на јавни услуги, продолжување на лиценца за работа во установа за социјална заштита, како и постапката за издавање и обновување на лиценца за работа на стручните лица даватели на јавни услуги.

Со членот 2 од оваа уредба се прошири дефиницијата за материјално необезбедено домаќинство.

Согласно со Законот за социјална заштита за материјално необезбедено се смета домаќинството чија вкупна просечна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во ***последните три месеци*** пред поднесување на барањето за остварување на правото и во текот на користењето на правото е пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош. Основицата е 4.000 денари месечно, а за секој следен полнолетен член на домаќинството се зголемува согласно со еквивалентна скала согласно со Законот.

Согласно со уредбата за материјално необезбедено се смета домаќинство чија вкупна висина на сите приходи на сите членови на домаќинството по сите основи во месецот пред поднесување на барањето за остварување на правото на гарантирана минимална помош ***и во месецот пред тековниот месец на користењето на правото*** е пониска од висината на утврдената гарантирана минимална помош.

Конкретно со измената на членот 2 беа опфатени и оние домаќинства во кои член на домаќинството е избришан од евиденцијата на невработени лица заради нередовно пријавување или на кој работниот однос му престанал спогодбено, по негово барање или со отказ од работодавецот поради кршење на договорните обврски или други обврски од работниот однос, а со додавање на членот 2а во уредбата правото на гарантирана минимална помош не престанува доколку корисникот не се пријави во надлежниот центар за вработување и редовно не ги исполнува обврските за евидентирање согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност. Согласно со членот 33 од Законот за социјална заштита, овие домаќинства немаат право да користат право на гарантирана минимална помош.

Со уредбата за изменување и дополнување се уреди и делот за отуѓување на имот кој корисникот на правото на гарантирана минимална помош може да го отуѓи или изнајми и на тој начин да се издржува.

Законот за социјална заштита во членот 301 вели дека:

„Корисникот, кој со решение на центарот за социјална работа остварил право од социјална заштита и тоа право на парична помош и/ или услуга од вон семејна заштита согласно со овој закон, е должен да ги врати примените средства и да ја надомести штетата, ако со отуѓување на својот имот се довел во состојба да може да оствари право од социјална заштита или имотот го отуѓил за време на користењето на правото".

Со уредбата за измена и дополнување, овој дел се регулираше и овозможи поголема флексибилност за време на траење на вонредната состојба.

Со уредбата за изменување и дополнување центарот за социјална работа за остварување на правото на гарантирана минимална помош одлучува врз основа на доставената документација од подносителот на барањето и обезбедената документација по службена должност согласно со Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош[35], утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 109/19), а увидот во домаќинството ќе се изврши во рок од два месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба. Во Правилникот во членот 7 став 2 се вели дека одредени документи (како изводи од матичните книги, уверение за остварени годишни приходи, имотен лист, потврда за корисник на пензија, потврда за поседување на моторно возило и др.) потребни за поднесување барање, центарот ги прибавува по службена должност од надлежните институции, по дадена согласност од страна на подносителот.

35 http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2019pravilnici/30.5-%20ostvaruvanje%20na%20garantirana%20paricna%20pomos.pdf

Со измената и дополнување на уредбата се уреди статусот на стручните лица даватели на јавни услуги, вработени во јавни и приватни установи за социјална заштита.

Со уредбата овие лица кои не се стекнале со лиценца за работа за време на траењето на вонредната состојба, а за кои е отпочната постапката, с*е распоредуваат на работни места и вршат стручна работа во установа за социјална заштита*, за време на траењето на вонредната состојба, како и шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба. Исто така, давателите на јавни услуги, вработени во јавни и приватни установи за социјална заштита и кај други даватели на социјални услуги, на кои рокот на ***важноста на лиценцата за работа за вршење на стручна работа во установа за социјална заштита им е истечен или истекува за време на траење на вонредната состојба им се продолжува за време на траењето на вонредната состојба, како и шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба.*** Постапката за издавање и обновување на лиценца за работа на стручните лица даватели на јавни услуги ќе се спроведе во рок од шест месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Со уредбата е овозможен брз пристап во системот на социјална заштита за добивање минимална гарантирана помош и им се овозможува на сите домаќинства кои останале без приходи во последниот месец или биле дел од неформалната економија, да поднесат барање за остварување на правото на гарантирана минимална помош.

### Уредба со законска сила за примена на законот за заштита на децата за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 03.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр.103 од 16.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 88/2020 | | |

Уредбата се однесува на примена на Законот за заштита на децата и продолжување на роковите за поднесување на барање за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче, барање за остварување/продолжување на правото на родителски додаток за дете (трето дете), за поднесување на барање за продолжување на правото на родителски додаток за дете (четврто дете), како и за проверката на исполнетост на условот за исплата на додатокот за образование за третиот и четвртиот мерен период за учебната 2019/2020 година. Согласно со Законот за заштита на децата, правата на детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за дете, додаток за образование и партиципација ги обезбедува државата. Барањето за остварување на правото со потребна документација се поднесува до Центарот за социјална работа, надлежен за подрачјето на кое подносителот на барањето има живеалиште или престојувалиште. Со оглед на забраната за движење и новонастанатата ситуација ваквото продолжување на роковите за остварување на овие права

е многу потребно и мерката е соодветна во овој контекст. Уредбата е во согласност со Уставот и е целосно пропорционална бидејќи единствената цел е конкретните групи да не останат без заштита поради техничка грешка, односно пропуштање на рокови во време на пандемија.

### Уредба со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на објавување: | 4.4.2020 | Измени и дополнувања: | Бр.126 од 15.5.2020 |
| Службен весник: | бр. 90/2020 | | |

Со оваа уредба со законска сила се уредува висината на трошоците кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци. Имено, со уредбата се предвидува дека кредиторите не смее да наплатуваат трошоци кои не се вклучени во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци кои надминуваат 30% од износот на одобрениот кредит. Исто така се утврдува глоба во висина од 3.000 евра во денарска противвредност за прекршок на кредиторот ако постапува спротивно на уредбата. Основната уредба е дополнета во однос на важењето на уредбата односно таа се применува за време на вонредната состојба, како и 90 дена по престанокот на траењето на вонредната состојба.

Со оглед на малиот сегмент кој оваа уредба го уредува, директно може да се заклучи дека нејзината уставност, пропорционалност и соодветност не е проблематична и дека се обидува да надмине конкретен проблем што може да се јави во потрошувачкиот промет.

### Уредба со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| Датум на објавување: | 27.5.2020 | Измени и дополнувања: | бр.147 од 3.6.2020; бр.151 од 8.6.2020; бр.156 од 12.06.2020; бр.157 од 13.6.2020; бр.169 од 22.6.2020 |
| Службен весник: | бр. 137/2020 | | |

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите, начинот и постапката на финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица на возраст од 16 до 29 години и здравствени работници кои учествуваат во тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболени од КОВИД-19 со издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги. Финансиската поддршка е наменета заради поттикнување на приватната потрошувачка и купувањето македонски производи и услуги во услови на намалена економска активност условена од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 и се врши од Буџетот на РСМ.

## ОСНОВНА УРЕДБА

Основната уредба со законска сила го уредува значењето на одделни изрази кои се употребуваат во уредбата, односно значењето на изразите: „Граѓани со низок доход“, „Вработени лица со низок доход“, „Млади лица“, „Здравствени работници кои учествуваат во тестирање, дијагностицирање и лекување на граѓани заболени од КОВИД-19“, „Македонски производи“, „Македонски услуги“ и „Домашна платежна картичка“.

Во уредбата се утврдуваат надлежностите на државните институции при подготвување на листа на граѓани со низок доход, листа на вработени лица со низок доход, листа на млади лица кои се активни учесници на формалното средно и високо-додипломско образование и листа на здравствени работници со цел финансиска поддршка на овие категории лица. Сите надлежни институции ги доставуваат листите до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ. Конечната листа на корисници на финансиска поддршка со податок за името и презимето на корисникот и банката издавач на домашна платежна картичка, Генералниот секретаријат на Владата на РСМ ја објавува на веб-страницата www.kupuvamdomasno.gov.mk.

Со уредбата се утврдува дека финансиските картички се издаваат од банка резидент на РСМ која има склучено договор за издавање на домашна платежна картичка со Владата на РСМ. Во уредбата се предвидува постапката на исплатата на средствата за финансиска поддршка на банките од страна на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, како и начинот на издавање на домашна платежна картичка на корисниците на финансиска поддршка од страна на банките. Со уредбата се обврзуваат банките да ги издадат домашните платежни картички во најкус можен рок, а најдоцна до 3.7.2020 година.

Уредбата предвидува дека финансиската поддршка е еднократна и притоа за граѓаните со низок доход предвидена е поддршка од 9.000 денари по лице, за вработени лица со низок доход како и за младите лица предвидена е поддршка во висина од 3.000 денари. Што се однесува до здравствените работници се предвидува финансиска поддршка во висина на 40% од износот на последната пресметана основна нето-плата на секој работник одделно.

За правните и физички лица вршители на стопанска дејност, во објектите за трговија на мало предвидена е обврска да обезбедат посебно обележани рафтови, гондоли и сл. со ознаката „КУПУВАМ ДОМАШНО“ на кои ќе бидат изложени македонски производи за продажба на лицата - корисници на финансиската поддршка од оваа уредба со законска сила, додека за *online* продажба потребно е јасно да се истакнат и издвојат македонските производи и услуги.

Со уредбата се доставува и прилог за дејности за кои може да се плаќа со домашна платежна картичка.

### *ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОСНОВНАТА УРЕДБА*

Со првата измена на основната уредба од 3.6.2020 се изменува значењето на изразот „Граѓани со низок доход", каде што поконкретно се наведуваат кои права на парична помош и надоместоци треба да ги остваруваат согласно со Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата и Законот за социјална сигурност на стари лица за да спаѓаат под категоријата „Граѓани со низок доход". Втората измена на основната уредба од 8.6.2020 се однесува на промена на роковите односно се продолжува рокот за издавање на домашните платежни картички од страна на банките наместо 3.7.2020, измената е 18.7.2020 и промена на рокот за користење на финансиската поддршка од страна на граѓаните наместо 31.7.2020, измената е 15.8.2020.

На 12.6.2020 стапува во сила уште една измена во однос на значењето на изразот „Млади лица", па така наместо претходно активни учесници во формалното високо додипломско образование во РСМ, зборот додипломско се брише и со измената стои високо образование во РСМ.

Со дополнувањето на уредбата од 13.6.2020 година се додаваат два нови става во членот 3, во кои се наведува дека во однос на заштитата, чувањето, обработката и користењето на криптираните податоци содржани во листите на корисници на финансиска поддршка согласно со оваа уредба со законска сила се применуваат прописите од областа на канцелариското и архивското работење и други прописи кои се однесуваат на работењето на субјектите и институциите опфатени со оваа уредба, при што во однос на заштитата при обработката и чувањето на личните податоци се применуваат и прописите за заштита на личните податоци. Понатаму се предвидува одговорност на институциите кои ги доставиле листите на корисници на финансиска поддршка во однос на веродостојноста на податоците што ги доставиле.

На 22.6.2020 стапува во сила последната измена на уредбата во однос на начинот на означување и обележување на македонските производи на правните и физичките лица вршители на стопанска дејност директно и преку *online* продажба, како и начинот на обележување на фискалната сметка за вкупен промет остварен од македонски производи. Прилогот од основната уредба се заменува со нов прилог за дејности кои може да се плаќаат со домашната платежна картичка.

Генералниот став на граѓанскиот сектор и синдикатите за третиот пакет мерки е дека не биле вклучени во изготвувањето на мерките и дека наместо еднократни „дарови", тој требаше да содржи покрупни, системски промени, во насока на градење на посолидарно општество, кое повеќе ќе се грижи за работничките, работниците, сиромашните и сите други обезгласени и обесправени.[36] Иако уставноста на мерките не е спорна, тие се само делумно пропорционални и соодветни. Потребни се промени во системот на социјалната заштита, да се прошири и зголеми, и во поглед на заштитата

36 Реакција „Здружени синдикати и организации: Третиот пакет мерки е потврда дека Владата не ги почитува работниците и синдикатите", објавена на 19 мај 2020 година.

на работниците, пред сè прекарните и оние со договори на определено, и во поглед на функционирањето на државните институции, инспекторатите, судовите и сл, и во поглед на јавните финансии. Со пакетот се предвидоа многу повеќе средства за фирмите отколку за граѓаните (околу 3 пати повеќе) што наговестува дека приоритетите на Владата се насочени кон профитите на компаниите, а само во помал дел кон животите и здравјето на луѓето.

## Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците од приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | 16.6.2020 | **Измени и дополнувања:** | / |
| **Службен весник:** | бр. 157/2020 | | |

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите, начинот и постапката на плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студентите, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување за студентите чие образование се финансира од Буџетот на РСМ, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД-19.

Во согласност со предвидените услови во уредбата, при поднесување на барање за дел од партиципацијата за покривање на трошоци потребно е студентот да биде на редовни студии, запишан за прв пат на прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во РСМ и да биде член на семејно домаќинство во кое остварениот просечен месечен доход во семејството по сите основи за 2019 година не е поголем од просечната исплатена нето-плата по вработен за месец март 2020 година, објавена од Државниот завод за статистика, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи. Дополнително за партиципација на трошоци за приватно сместување, студентот потребно е да биде сместен во државен студентски дом, односно во приватен студентски дом со кој Министерството за образование и наука има склучено договор за сместување на студенти, додека за партиципација на трошоци за приватно сместување предвидено е студентот да студира надвор од неговото место на живеење, како и да има склучено договор за закуп со закуподавач, нотарски заверен и пријавен во Управата за јавни приходи.

Висината на средствата за делот од секоја горенаведена партиципација за трошоци изнесува 6000 денари и студентот може да искористи само една партиципација, еднократно. За студентите кои ги исполнуваат условите за остварување на еднократен надомест за покривање на дел од трошоците за партиципација се уредува начинот на пријавување на интернет платформа и доказите кои треба да ги доставаат во рок од 10 дена од денот на завршување на уписите на студентите во академската 2020/2021, односно од 1 октомври до 10 октомври 2020 година.

Со уредбата се утврдува дека листата на студенти кои користат дел од партиципација во трошоците ја изготвува Министерството за образование и наука најдоцна до 5 ноември 2020 година, во согласност со прописите за заштита на личните податоци. Врз основа на изготвените листи на студенти, Министерството за образование и наука на јавните високообразовни установи и на студентските домови им уплаќа средства за партиципација во трошоци и сместување до 25 декември 2020 година, додека за партиципација на трошоците за приватно сместување им уплаќа средства на сметка на закуподавачите најдоцна до 30 ноември 2020 година.

Според природата и уреденоста на уредбата станува јасно дека е во согласност со Уставот и дека таа е пропорционална и соодветна на новонастанатата состојба. Единствен проблем е тоа што со уредбата не е предвиден точен временски период на нејзиното важење, меѓутоа последното дејствие за спроведување на уредбата е превидено да се преземе до 25 декември 2020 година.

### Уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот за време на вонредната состојба

| Датум на објавување: | 13.6.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 157/2020 | | |

Со оваа уредба со законска сила, се уредуваат условите, начинот и постапката за издавање и користење на ваучери на млади лица не постари од 29 години со завршено најмалку средно образование за обуки за дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на трудот, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД-19. Средствата предвидени за спроведување на оваа уредба се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од 150.000.000,00 денари.

Во уредбата се прецизира што се подразбира под дигитални вештини односно тоа се вештини за управување со софтверски апликации и хардверски компоненти, вештини на напредно програмирање, како и вештини за употреба на дигитални технологии чија цел е управување со средства за електронска комуникација и пренос на информации и средства за електронска комуникација, како и поврзани вештини преку кои се овозможува употреба на информациско-комуникациски технологии, а кои се предложени од давател на обуки за дигитални вештини и кои се запишани во листата на даватели на обуки за дигитални вештини и обуки за дигитални вештини, која ја воспоставува и води Министерството за образование и наука. Висината на средствата кои ги исплаќа Министерството за образование и наука за обуките за дигитални вештини изнесуваат до 50% од вкупниот износ на обуката за дигитални вештини, но не повеќе од 30.000 денари по корисник на ваучер за обуки за дигитални вештини.

Со уредбата се уредува постапката и начинот за издавање на ваучер за обуки за дигитални вештини, како и начинот на поднесување на барање за упис во листата на даватели на обуки за дигитални вештини и на обуки за дигитални вештини од страна на правни лица.

Со уредбата се утврдува дека ваучерот за обуки за дигитални вештини е неделлив и се користи еднократно кај еден давател на обуки за дигитални вештини. Ваучерот за обуки за дигитални вештини може да го искористи само корисникот на ваучерот на чие име е издаден ваучерот и само за обуката за која било поднесено барањето. Корисниците на ваучери за обуки за дигитални вештини можат да ги искористат издадените ваучери во период од 15 август 2020 година до 15 декември 2020, кај давателот на обуки за дигитални вештини.

Уредбата предвидува дека Министерството за образование и наука врши исплата на давателите на обуки за дигитални вештини врз основа на извештај за одржани обуки за стекнување со дигитални вештини, по доставена фактура и доказ дека корисниците на ваучери успешно ја завршиле обуката за дигитални вештини или поднесуваат извештај дека младото лице-корисник на ваучерот успешно ја следи обуката.

Исплатата се врши почнувајки од 5-ти во тековниот месец за претходниот месец, освен исплатата за искористените ваучери во период од 1 декември 2020 година до 15 декември 2020 година, која ќе се изврши до 25 декември 2020 година.

Слично како и претходната уредба, според природата и уреденоста и на оваа уредба станува јасно дека е во согласност со Уставот и дека таа е пропорционална и соодветна на новонастанатата состојба. Единствен проблем е тоа што со уредбата не е предвиден точен временски период на нејзиното важење, меѓутоа последното дејствие за спроведување на уредбата е превидено да се преземе до 25 декември 2020 година.

### Уредба со законска сила за доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | 13.6.2020 | **Измени и дополнувања:** | / |
| **Службен весник:** | бр. 157/2020 | | |

Со оваа уредба со законска сила се уредуваат условите, начинот и постапката на доделување на финансиска поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта во Република Северна Македонија за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот КОВИД-19, финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија. Со уредбата

е предвидена финансиска поддршка за купување на училишен прибор за ученици постари од 16 години запишани како редовни ученици во учебната 2020/2021 година. Во уредбата се прецизира што се подразбира и што спаѓа во училишен прибор. Висината на финансиската поддршка е еднократна и изнесува до 3.000,00 денари, која треба да се исплати на ученикот на домашна платежна картичка најдоцна до 15 септември 2020 година, а ученикот треба да ги искористи средствата најдоцна до 15 октомври 2020 година. По истекот на овој рок престанува можноста за користење на финансиската поддршка за купување на училишен прибор.

Во уредбата е наведено дека домашната платежна картичка на ученикот се издава на начин уреден со уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Сл. весник на РСМ“ бр. 137/20, 147/20 и 151/20).

Со уредбата се уредува постапката и начинот на кој учениците кои ги исполнуваат условите задолжително се пријавуваат на интернет платформата наведена во уредбата во рок од 10 дена од денот на активирање на платформата. По објавување на известувањето за почетокот и завршувањето на пријавувањето на учесниците од страна на Министерството за образование и наука, кон пријавата учесниците треба да ги прикачат и доказите со кои потврдуваат дека ги исполнуваат условите да бидат корисници на финансиска поддршка.

Уредбата предвидува дека Министерството за образование и наука најдоцна до 10 септември ќе ја изготви листата на корисници на средства за купување на училишен прибор и ќе ја објави на интернет платформата наведена во уредбата, а таа треба да ја достави до банките издавачи на домашна платежна картичка.

Повторно, како што беше случај со претходните две уредби од овој сегмент, според природата и уреденоста и на оваа уредба станува јасно дека е во согласност со Уставот и дека таа е пропорционална и соодветна на новонастанатата состојба. Единствен проблем е тоа што со уредбата не е предвиден точен временски период на нејзиното важење, меѓутоа последното  дејствие за спроведување на уредбата е превидено да се преземе до 30 октомври 2020 година.

# СУДСКИ И УПРАВНИ ПОСТАПКИ ВО УСЛОВИ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Вонредните околности и потребата од заштита на јавното здравје ја наметнаа потребата од соодветно приспособување на процесните правила кои ги уредуваат судските и управните постапки.**

## Уредба со законска сила за примена на законот за општата управна постапка за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 24.03.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 76/2020 | | |

Со оваа уредба се уредува дека роковите кои согласно со Законот за општата управна постапка, (освен во постапките за јавни набавки), се определени за преземање на одделни дејствија во постапката, односно роковите кои ги определува овластеното службено лице, кои истекуваат за време на траење на вонредната состојба, престануваат да течат за време на траењето на вонредната состојба. Уредбата утврдува дека овие рокови продолжуваат да течат по истекот на траењето на вонредната состојба за онолку денови колку што преостанале, од денот на престанокот на вонредната состојба. Уредбата дополнително наведува дека по исклучок, овластеното службено лице, по молба на заинтересирано лице заради постоење на оправдани причини може да одлучи поинаку во однос на овие рокови.

И покрај тоа што нема образложение за причината за донесување на оваа уредба, видно од текстот, нејзина цел би требало да биде намалување на моменталните капацитети на државната управа во Северна Македонија што не е прифатливо во целост. Уредбата се осврнува само на еден дел од Законот за општата управна постапка односно на законските и инструктивните рокови во управните постапки.

Донесувањето на оваа уредба е донекаде во спротивност со Законот за општа управна постапка кој е во сила од следниве причини.

Членот 2 од Законот за општата управна постапка се однесува на самата примена на Законот и пропишува дека „Овој закон се применува за сите управни дејствија на јавните органи и на давателите на услуги.“. Со ова е воведена нова доктрина согласно со која директно се применуваат одредбите на *lex generalis* наспроти *lex specialis*, односно се воспоставува првенство на примена на општата управна постапка наспроти посебните управни постапки. Законот предвидува исклучок од ова правило во ситуации кога: „Со посебните закони одделни работи може да се уредат поинаку од овој закон, доколку не се во спротивност со основните начела и целта на овој закон и не ја намалуваат заштитата на правата и правните интереси на странките загарантирана со овој закон“. Ова значи дека со самата уредба се запираат сите рокови на сите управни постапки во Северна Македонија на период од првично 30 дена, а и повеќе, што претставува сериозен ризик за остварувањето на правата и обврските кои се утврдуваат за граѓаните и правните лица во Република

Северна Македонија. Имено, спроведувањето на Законот за општата управна постапка е всушност крвоток на општеството, бидејќи речиси секоја постапка која се води во рамките на државната управа е управна постапка.

Втората причина е што самата уредба им дава голема дискреција на овластените службени лица кои водат управна постапка да одлучат поинаку заради постоење на оправдани причини, но само по молба на заинтересирано лице. Самиот контект на оваа одредба е целосно контрадикторен со начелата и концептот на Законот за општата управна постапка од причина што во членот 9 е дефинирано „Начело на сервисна ориентација на јавните органи“ согласно со кое кога јавните органи решаваат управни работи, сервисно се ориентирани кон остварувањето на правата и интересите на странките. Дополнително, во членот 17 е дефинирано „Начело на активна помош на странката“ согласно со кое јавниот орган е должен да им овозможи на сите странки во постапката да ги остварат и заштитат своите права и правни интереси на што е можно поефективен и полесен начин. Јавниот орган ги известува странките за законските одредби што се од важност за решавање на управната работа, за нивните права и обврски, вклучително и за сите информации поврзани со постапката и ги предупредува за правните последици од нивните дејствија или пропусти.

Уредбата со законска сила за примена на Законот за општата управна постапка за време на вонредна состојба е во целосна спротивност со начелата на Законот за општата управна постапка но и со концептот на добро владеење на кој треба да се заснова секоја модерна државна управа. Контрадикторноста е очигледна од фактот дека на „мала врата“ се воспоставува принцип спротивен на начелото на сервисна ориентација на јавните органи од причина што за да се спроведе управна постапка предуслов е да се поднесе молба односно да се моли јавниот орган за да ја врши својата законска должност, а тоа е да служи/работи во интерес на граѓаните. Дополнително на тоа, Законот за општата управна постапка воопшто не го препознава поимот молба кога станува збор за однос помеѓу заинтересирано лице и овластено службено лице. Покрај фактот дека Законот за општата управна постапка препознава дискреција кај управните органи, во овој случај е премногу широко поставена што заедно со предуслов за молење на овластеното службено лице односно јавниот орган доведува до ризик од арбитрарно постапување од страна на овластеното службено лице кое ја води или треба да ја води управната постапка.

### Уредба со законска сила за роковите во судските постапки за време на вонредната состојба и постапувањето на судовите и јавните обвинителства

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | **30.03.2020** | **Измени и дополнувања:** | **бр. 89 од 03.04.2020** |
| **Службен весник:** | **бр. 84/2020** | | |

Според оваа уредба законските и преклузивните рокови за изјавување на правни лекови, правни средства или за преземање процесни дејствија во наведените судски постапки престануваат да течат од денот на стапување во сила на оваа уредба, па сè до завршување на вонредната состојба.

Оваа уредба се смета за неопходна и оправдана ако се земе предвид дека непосредно пред нејзиното донесување, Судскиот совет на Република Северна Македонија донесе одлука за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот Ковид-19. Покрај задолжителните прописи за почитување на мерките за безбедност и превензија од ширење на вирусот Ковид-19, одлуката содржи категоризација на нужни работи кои се извршуваат во судовите, и пропишува дека закажаните расправи по предметите кои не се итни се одржуваат доколку се исполнети законските услови. Притоа треба да се земе предвид и фактот дека процесните закони во Северна Македонија не предвидуваат посебен тек на постапката за време на вонредна, воена или слична состојба која *de facto* би влијаела на самите судски постапки. Имајќи предвид дека во периодот на вонредната состојба голем број од судовите функционираа со намален кадар, капацитет и преку одложување на голем дел од јавните расправи, улогата на одредбите од оваа уредба се во насока да го поткрепат функционирањето на судската власт во овој период согласно со потребите на судските институции и интересите на граѓаните.

Роковите за застарување за кривично гонење, поведување и водење на прекршочна постапка, за извршување на кривичните и прекршочните санкции престануваат да течат од денот на стапување во сила на оваа уредба, па сè до завршување на вонредната состојба. Издавањето на упатните акти за изречена казна затвор до три години се одложува до 1 септември 2020 година, освен за предмети каде што постои опасност за застарување на извршување на казната.

Во таа насока е и уредбата со законска сила за примена на Законот за стечај за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.76 од 24.03.2020 изменета со бр.140 од 29.05.2020.) Со оваа уредба, се уредува отворањето на стечајната постапка во два сегменти (1) Одложувањето на отворање на стечајни постапки кога се исполнети условите за отворање на стечајна постапка или поведување на претходна постапка, и (2) Одложување на сите започнати постапки, како претходна постапка за отворање на стечајна постапка и отворање на стечајната постапка над стечајниот должник. Уредбата ги одложува стечајните постапки за време на вонредната постапка, како и три месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба. И покрај тоа што нема образложение за причината за донесување на оваа уредба, видно од текстот нејзина цел би требало да биде намалување на стечајните постапки во Северна Македонија што не е прифатливо поради заштитата на должниците што таа ја воспоставува.

Имено донесувањето на оваа уредба е целосно нелогична од аспект на целта на Законот за стечај. Имено целта на стечајната постапка е уредена во членот 3 став 1 од истиот закон односно „(1) Стечајната постапка има за цел колективно намирување на доверителите на стечајниот должник (во натамошниот текст: должник) со впаричување на должниковиот имот и распределба на остварените средства (приходи) на доверителите или со склучување на посебен договор за порамнување на побарувањата утврдени со планот за реорганизација што е насочен кон натамошно одржување на должниковиот деловен потфат (во натамошниот текст: претпријатието)." Со оваа уредба всушност се врши заштита на должниците наспроти доверителите што е спротивно на уставното право на сопственост односно членот 30 кој предвидува „Се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на експропријација на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност".

Уредбата со законска сила за примена на Законот за стечај за време на вонредната состојба може да создаде целосна конфузија од причина што е во спротивност со целта на стечајната постапка. Контрадикторноста е очигледна од фактот дека со оваа уредба се врши заштита на должниците на штета на доверителите, без притоа да се утврди дали е тоа во корист на јавниот интерес. Самата уредба не само што има правно дејство за време на вонредната состојба туку со неа се има цел да се уредат и односите во стечајот и стечајната постапка и во вонредната состојба за што постои ризик дека е спротивно на Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи се прави обид да се уредат односите во државата со уредба со законска сила и по завршување на вонредната состојба кога всушност на сите уредби со законска сила задолжително им престанува правното дејство.

# ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Градинките, основните и средните училишта и сите воспитно-образовни институции беа привремено затворени на 10 март 2020 година со одлука донесена на седница на Владата на РСМ. Затворањето на сите образовни институции во државата беше еден од првите чекори и мерки кои државата ги презеде во борбата со пандемијата од вирусот КОВИД-19. Следствено, по прогласувањето на вонредната состојба, на 23 март Владата на РСМ преку сет на уредби за примена на законите за основно, средно и високо образование се обиде да ги регулира наставните дејности и оценувањето на учениците односно студентите за време на вонредната состојба.**

## Уредба со законска сила за примена на законот за основното образование за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 24.3.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 116/ од 05.04.2020 и бр. 128 од 18.05.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 76/2020 | | |

Со ***уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба***,[37] Владата на РСМ ја уреди реализацијата и организацијата на наставата во основните училишта, како и оценувањето на учениците за времетраење на вонредната состојба. **Оваа уредба беше неопходна да се донесе** поради тоа што 7 дена пред објавувањето на вонредната состојба на 17.03.2020 година, во основните училишта се запре со организација на наставата, односно училиштата беа затворени. Одлуката за затворање на училиштата поради пандемијата ја донесе Министерството за образование и наука на РС Македонија.

Имено, со членот 2 уредбата наложува дека наставата во основните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома преку примена на средствата за електронска комуникација. Уредбата ги уредува и начинот и средствата за електронска комуникација, односно пропишува дека средства за електронска комуникација се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес и кои овозможуваат заемна двонасочна комуникација преку видеоконференциски платформи, електронска пошта или други системи за електронска размена на податоци. Притоа, уредбата уредува дека за употреба на видот на средствата за електронска комуникација одлука донесува основното училиште.

Уредбата исто така го уредува и начинот на оценување на учениците во периодот на организирање на наставата во основните училишта преку далечинко учење. Имено, уредбата предвидува дека со примена на средствата за електронска комуникација може да се спроведат испрашувања, тестирања на учениците или да се користат други форми на утврдување и оценување на знаењето на ученикот.

37 Уредба со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба бр. 44-2445/1.

Сепак, уредбата воспоставува услови кои не се едноставни да се исполнат за да се реализира далечинско учење односно учење од дома преку примена на средствата за електронска комуникација. Владата на РСМ при донесување на оваа уредба не го зела предвид фактот кој го има објавено Заводот за статистика во однос на стапката на сиромаштија во линија на сиромаштија.[38] Имено согласно со ова соопштение, Заводот за статистика има утврдено дека „Анализирано по типови домаќинства, стапката на сиромаштијата на домаќинствата составени од двајца возрасни со две издржувани деца во 2018 година е 22.0 %. *Според најфреквентниот статус на економската активност, стапкатата на сиромашни вработени лица е 8.8 %, додека стапката на сиромашни пензионери е 7.9 %. Коефициентот на Џини (мерка за нееднаквоста во распределбата на приходите) изнесува 31.9 %.*“ Ова го истакнуваме поради тоа што самата уредба предвидува реализирање на далечинско учење односно учење од дома преку примена на средствата за електронска комуникација, но не предвидува како семејствата на учениците од основните училишта треба да ги обезбедат средствата потребни за оваа електронска комуникација во домашни услови.

За да се реализира овој тип комуникација, неопходно е да се исполнат три услови. Првиот услов е да се обезбеди електронски уред, компјутер или телефон чија просечна пазарна вредност изнесува помеѓу 250 и 500 евра. Вториот услов е да се обезбеди и компјутерски програм за да се користат начините кои се предвидени за двонасочна комуникација со уредбата, односно да се обезбеди *MicroSoft* пакет чија просечна пазарна вредност изнесува помеѓу 100 и 150 евра. Третиот услов неопходен за овозможување на далечинско учење е обезбедувањето стабилен интернет бидејќи дел од наставата се изведува и во живо. Просечната месечна претплата за стабилна интернет конекција изнесува околу 20 евра. Со други зборови, едно семејство кое претходно не поседувало електронски средства треба да се изложи на трошоци во износ од речиси една месечна просечна плата во државата за да ги обезбеди условите за електронска настава. Ова претставува проблематичен факт од аспект на тоа што токму семејствата кои до објавувањето на вонредната состојба не поседувале доволно електронски средства што ги предвидува оваа уредба, се семејства од групата која Заводот за статистика ја дефинира како семејства во сиромаштија. Дополнително, пристапот до интернет и до компјутерска опрема е голема пречка за некои домаќинства каде 37 проценти од родителите изјавија дека децата мора да делат лаптопи или компјутери со други членови на семејството, а други изјавија дека немаат стабилен интернет.[39] **Уредбата е недоречена во делот за учениците кои немаат можност да ја следат наставата на далечина поради тоа што нивните семејства не се финансиски способни за да ги обезбедат потребните услови и на кој начин ќе се обезбеди настава на далечина за оваа група ученици.**

38 Соопштение: Лаекенски индикатори за сиромаштијата во 2018 година – дефинитивни податоци од 23.12.2019 година, достапно на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?id=115&rbr=3179

39 Истражување на УНИЦЕФ за „Искуства и ставови за учењето на далечина за време на пандемијата на КОВИД-19“, август, 2020 година.

Потешкотии во примената на оваа уредба ќе се јават во делот на оценувањето на учениците од причина што не постои обврска за училиштата и наставниците да вршат оценување на учениците. Уредбата дава опција дека може да се спроведе оценувањето, но не дава обврска учениците да бидат оценети. Тука се јавува прашањето како учениците во основното образование ќе добијат крајни оцени со која би ја завршиле училишната година или како ќе се спроведе методологијата која се користи во редовни наставни услови во овој случај на вонредна состојба, односно настава на далечина.

Дополнително, уредбата не предвидува каква било психолошка поддршка за учениците во основните училишта имајќи предвид дека станува збор за деца од најрана возраст до адолесценти. Не е предвидена методологија за заштита на менталното здравје на учениците бидејќи комуникацијата е предвидена само со наставниците, но не и со психолозите, педагозите и доколку е потребно со логопеди кои се дел од образовниот процес.

На 5 мај, Владата на РСМ ја надополни оваа уредба[40] со цел да овозможи продолжување на вршењето на образовниот процес во насока на продолжување на роковите за објавување на јавен повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на меѓународен натпревар на акредитираните здруженија на наставници. Уредбата ги продолжува роковите за запишување на децата во прво одделение во основно училиште и го продолжува мандатот на органите за управување и раководење со основните училишта.

Уредбата за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба е пропорционална и во согласност со релевантните одредби од Уставот на РСМ. Сепак, уредбата е делумно применлива поради нецелосното уредување на условите и начинот на кој може да се спроведе наставата на далечина. Самата уредба предизвикува висок степен на ризик за добар дел од учениците во основните училишта да не бидат опфатени со наставата на далечина токму поради неможноста да се обезбедат услови за настава на далечина. Исто така, уредбата е неприменлива во делот на оценувањето, посебно во делот на неприлагодување на методологијата за изведување на настава и преку тоа оценување на знаењето и поведението на учениците во основните училишта. Уредбата е посебно некомплетна во делот на психолошката поддршка за учениците во основните училишта и грижата за менталното здравје на децата кое е од посебно значење. Уредбата е фокусирана исклучиво на наставата, но не и на поведението и менталното здравје на учениците во основното образование. Ова претставува висок ризик за психолошката состојба на децата, кои согласно со вонредната состојба беа во можност да бидат надвор од својот дом само 2-3 часа, што значи дека беа во затворен простор 21-22 часа согласно со условите во вонредната состојба речиси 2 месеци.

40 Уредба со законска сила за изменување и дополнување на уредбата со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба, „Службен весник на РСМ“ бр. 116 од 5.5.2020

### Уредба со законска сила за примена на законот за средното образование за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 24.3.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 116/ од 05.04.2020 и бр. 128 од 18.05.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 76/2020 | | |

Слично како уредбата за примена на Законот за основно образование, Владата на РСМ донесе и ***уредба со законска сила за примена на Законот за средно образование.*** Одредбите во оваа уредба се речиси идентични со оние за примената на Законот за основното образование и на ист начин ги регулираат сите прашања поврзани со реализација и организација на наставата во средните училишта и за оценувањето на учениците за времетраење на вонредната состојба. Како и уредбата за основното образование и оваа мерка за учениците од средните училишта е недоречена во делот за учениците кои немаат можност да ја следат наставата на далечина поради тоа што нивните семејства не се финансиски способни за да ги обезбедат потребните услови и не е доловено на кој начин ќе се обезбеди настава на далечина за оваа група ученици. Дел од учениците наведуваат дека „оценувањето било нефер и необјективно, а и воедно дека професорите не биле многу фокусирани на самото оценување. Дополнително, се напоменува дека препишувањето преставувало голем нерешен проблем во далечинското учење.“[41]

### Уредба со законска сила за примена на законот за високото образование за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 24.3.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 116/ од 05.04.2020 и 134 од 22.5.2020 и бр. 149 од 5.6.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 76/2020 | | |

На 23 март 2020 година, Владата на РСМ донесе и ***уредба со законска сила за примена на Законот за високо образование за време на вонредна состојба.*** Со неа се регулираат сите прашања поврзани со изведувањето на студиските програми, организацијата на испитните сесии на сите три циклуси за време на вонредната состојба, акредитациите и реакредитациите, како и продолжување на мандатот и телата на високообразовните установи. Уредбата беше дополнета на 22 мај 2020 година, кога беше овозможено проверка на знаењето и реализација на студиските програми со физичко присуство на студентот, со целосна примена на протоколот за полагање испити на високообразовните установи, во согласност со мерките за заштита од вирусот Ковид-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Со оваа уредба се регулира начинот на изведувањето на студиските програми и проверката на знаењето на студентите во сите три циклуси на високото образование, продолжување на мандатот на органите и телата на високообразовните установи односно јавните научни установи, како и рокот за важност на постојните акредитации, односно реакредитации на студиските програми.

41 Младински образовен форум, „далечинско образование низ призмата на средношколците“, страна 12, јули, 2020.

Во трите измени и дополнувања, се одлучуваше за работите кои останале недоречени во оваа одредба. Првата уредба за измени и дополнувања беше посветена на роковите за важење на акредитацијата односно реакредитацијата на постојните студиските програми на сите три циклуси на високото образование, како и роковите за донесување на актите, предвидени со Законот за високото образование. Со втората уредба се уреди реализирањето на спроведување на студиските програми, како и проверка на знаењето со физичко присуство на студентот каде постои можност за целосна примена на протоколите, како и работата на вработените во стручната служба. Третата уредба се однесуваше на максималниот износ на партиципација во трошоците за студирање, за студентите запишани на прв циклус студии на јавен универзитет во академската 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на РСМ, упис на нови студенти на студии од трет циклус на студиските програми во академска 2020/2021 година, како и постапката за избор на раководни органи на високообразовни институции и постапките за избор на органи и тела на кои мандатот им истекува за време на траењето на вонредната состојба.

Иако со уредбата се уредуваат круцијалните прашања за обезбедување на фукнционалност на системот на високообразовните установи за време на вонредната состојба, сепак бележи недостатоци кои во одреден степен неминовно влијаат на крајниот исход во потврда на знаењето кај учесниците на платформата на далечинско учење. Покрај наведеното, уредбата не ги опфаќа начините за користење на далечинското учење од страна на студентите кои припаѓаат на ранливите категории, што секако влијае во понатамошниот процес на изведување на испитите по завршување на оваа состојба.[42]

## ОСТАНАТИ УРЕДБИ

Уредбата со законска сила за примена на законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр. 116 од 05.04.2020 дополнета со бр. 128 од 18.05.2020) овозможува продолжување на работниот однос на наставниците и стручните соработници. Уредбата се однесува на наставниците и стручните соработници кои до денот на утврдување на постоење на вонредната состојба засновале работен однос во училиштата без јавен оглас на определено време на работно место кое е испразнето по основ на пензионирање, боледување, отказ, смрт и преземање, најмногу до три месеци.

42 Детално објаснето во: Младински образовен форум, „Кризни обиди на високообразовните институции за дигитализација во академската 19/20 година", јуни, 2020 година.

# ЈАВНИ ПРИХОДИ И БУЏЕТ

**Уредбите кои се однесуваат на јавните приходи и буџетот беа насочени кон осигурување на стабилно функционирање на јавните финансии во услови на глобална пандемија.**

Справувањето со здравствените, економските и социјалните последици од глобалната пандемија создаде значителен товар на јавните финансии. Обезбедувањето на функционирање на здравствениот систем, мерките за поддршка на економските субјекти како и на лицата погодени од кризата наметна потреба од зголемени трошоци за државниот буџет. Паралелно, поради намалената економска активност се намалија и приходите од даноците и останатите јавни давачки. Започнувајќи од 20 март, беше забележан остар пад на даночните приходи за околу 25% на ден. Ова се претвори во пад на вкупните даночни приходи за 11% во март во споредба со претходната година. Ова е резултат на пад на приходите од ДДВ за 17%, додека приходите од акцизи и приходи од данокот на добивка се намалија за 11%[43]. Во такви услови Владата беше повикана да преземе мерки за да се осигура дека буџетот ќе ја има потребната кондиција за да одговори на зголемените потреби.

Уредбите кои се однесуваа на јавните приходи и буџетот овозможија поголема флексибилност при прераспределбата на алоцираните буџетски средства, зголемување на одредени јавни давачки (акцизи), намалување на одредени јавни расходи, поттикнување на донирањето како и задолжување на државата кај меѓународните кредитори. Со дел од овие уредби Владата навлезе непосредно во две од суштинските надлежности на Собранието, утврдувањето на јавните давачки и донесувањето на буџетот.

43 OECD: The Covid-19 crises in North Macedonia, достапно на: http://www.oecd.org/south-east-europe/

## УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

### Уредба со законска сила за примена на законот за буџетите за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 26.3.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 112/ од 30.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 79/2020 | | |

Со оваа уредба, Владата има цел да ја уреди примената на Законот за буџетите за време на траењето на вонредната состојба. Согласно со новонастанатата ситуација со епидемијата, на буџетските корисници им се дава можност за поголема флексибилност во користењето и менаџирањето на планираните средства и на тој начин се овозможува поефикасно делување во справувањето со епидемијата. Предвидено е и одложување на активностите за подготовка и донесување на фискалната стратегија за среднорочен период од три години и завршната сметка на Република Северна Македонија сè додека трае вонредната состојба. Членот 3 од оваа уредба им дава можност на буџетските корисници да ги намалат одобрените средства со буџетот до 70% на ниво на ставка, во рамките на потпрограмата и буџетот. Дополнително на предлог на Министерството за финансии, Владата одлучува за прераспределбите меѓу буџетските корисници на централната власт и меѓу фондовите. Носењето на оваа уредба претставува логичен чекор на Владата кога се потребни дополнителни средства за справување со последиците од кризата. Во делот на планирањето на фискалната стратегија за среднорочен период од три години и завршната сметка на буџетот, одложувањето е начин преку кој се овозможува да се сумираат сите последици кои настанаа и ќе настанат за време на вонредната состојба.

Уредбата со законска сила за примена на Законот за буџетите за време на вонредната состојба е неопходна за да се постигне поефикасно делување во справувањето со епидемијата. Меѓутоа некомплетноста на уредбата може да се согледа во делот на намалувањето на одобрените средства со буџетот до 70% на ниво на ставка, во рамките на потпрограмата и буџетот, каде уредбата не е прецизно дефинирана. Во делот на прераспределбите за кои одлучува Владата на Република Северна Македонија помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите, нотирано е дека ќе се одвива по предлог на Министерството за финансии, но не се посочени начинот и методологијата како би се вршела распределбата.

### Уредба со законска сила за изменување и дополнување на буџетот за 2020 година за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 15.05.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 126/2020 | | |

Со оваа уредба Владата непосредно интервенираше во Буџетот за 2020 со ребаланс во повеќе буџетски ставки и програми. Со промената на буџетот кој ќе се спроведува во текот на целата година, и по завршувањето на вонредната состојба Владата беше приморана да навлезе во една од централните надлежности на Собранието.

### Уредба со законска сила за примена на законот за јавните претпријатија за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 27.03.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 82/2020 | | |

Уредбата се однесува на уплатата и распоредувањето на вишокот на средствата од работењето на јавните претпријатија основани од Владата во насока на тоа вишокот на средства кои се остварени од работењето на јавните претпријатија основани од Владата да се уплаќаат во Буџетот. Оваа уредба има цел Владата да собере повеќе средства во буџетот за да ги распредели парите на правните лица со потешкотии во работењето кои покажуваат финансиска загуба предизвикана од вонредната состојба.

### Уредба со законска сила за примена на законот за рамномерен регионален развој за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 29.05.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 140/2020 | | |

Оваа уредба се однесува на користење на средствата за рамномерен регионален развој. Според неа средствата кои во 2020 година останале нераспределени или неискористени од намените утврдени во Законот за рамномерен регионален развој, средствата за одобрени проекти за развој на планските региони за кои Бирото за регионален развој ги раскинало договорите за нивна реализација во тековната година и средствата за одобрени проекти за развој на планските региони кои нема да се реализираат во тековната година, се распределуваат за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за проекти за развој на селата.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ДАВАЧКИ

### Уредба со законска сила за дополнување на уредбата со законска сила за примена на законот за акцизите* за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 21.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 169 од 22.06.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 105/2020 | | |

Со оваа уредба се додаваат нови членови во уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба во однос на износот на акцизата за безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 грама на литар од тарифните ознаки 2710 12 31 00, 2710 12 41 00, 2710 12 45 00, 2710 12 49 00, 2710 12 51 00 и 2710 12 59 00, за износот на акцизата за гасно масло како погонско гориво од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00, за износот на акцизата за гасно масло како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00, како и за начинот на пресметка на износот на акциза, рокот за попис на затечени залихи на енергенти, подготовка на записник и поднесување на записникот до надлежните476 царински органи, трговецот на големо и трговецот на мало на енергенти и за роковите поврзани со плаќањето на разликата на акцизата при зголемување на акцизата на енергентите.

## НАМАЛУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ РАСХОДИ

### Уредба со законска сила за ограничување на правото на исплата на паричните паушали и паричните надоместоци на претседателите и членовите на одборите на директори, претседателите и членовите на управни и надзорни одбори, претседатели и членови на комисии, работни групи и советодавни и експертски тела формирани од државната и локалната власт и претседателите и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа за време на вонредната состојба.

| Датум на објавување: | 07.04.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 94/2020 | | |

Владата со оваа уредба одлучи заклучно со месец декември 2020 година да не им се исплатуваат парични надоместоци, како и надоместоци за патни и други материјални трошоци на лицата наведени во нејзиниот наслов. Евидентно е дека главната цел за донесувањето на оваа уредба е да се намалат јавните расходи на државата во време на оваа криза. Неопходноста од оваа уредба е воочлива од намалената економска активност во државата со што се намалија и приходите од даноци и останати јавни давачки.

Уредбата се смета дека е пропорционална и оправдана ако се земе предвид фактот дека таа ги исклучува лицата кои се невработени или со мали приходи. Имено оваа уредба не се однесува на лица кои се евидентирани како невработени лица во Агенцијата за вработување или не се приматели на пензија на кои може да им се исплаќаат паричните паушали и паричните надоместоци и други материјални трошоци во вкупен износ не поголем од минималната плата утврдена за месец декември 2019 година во Република Северна Македонија, во износ од 14.500 денари.

***Уставниот суд ја отфрли иницијативата за оценка на уставноста на оваа уредба.***

### Уредба со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 07.04.2020 | Измени и дополнувања: | бр. 97 од 09.04.2020, бр. 103 од 16.04.2020, бр. 108 од 24.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 94/2020 | | |

Со оваа уредба се предвидува да не се исплатуваат додатоците и надоместоците на плата на вработените во јавниот сектор со исклучок на медицинскиот и помошно-технички персонал во јавните здравствени установи, вработените во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана и кабинетските службеници. Со измените и дополнувањата се изземаа од оваа уредба и вработените во другите институции кои се најмногу вклучени во справување со последиците од пандемијата.

Слично како и останатите уредби од овој карактер, и оваа уредба беше донесена со цел да се намалат јавните расходи на државата за време на кризата. Тргнувајќи од фактот што станува збор за престанок во исплаќањето единствено на додатоците и надоместоците, се смета дека директно засегнатите граѓани не ги става во премногу неповолна состојба, ако имаме предвид дека редовната плата за работниот ангажман продолжува да тече.

Фактот дека за одредени категории вработени во јавниот сектор оваа уредба нема да се применува, се доведува во прашање дали при носењето на уредбата било земено предвид начелото на недискриминација. Начелото е доста релевантно, во зависност од контекстот за кој станува збор. Имајќи предвид дека во оваа вонредна состојба медицинскиот, техничкиот и помошниот персонал во јавните здравствени установи е директно изложен на ризикот кој го носи пандемијата, заедно со останатите вработени во јавниот сектор кои се грижат за заштита и одбрана на населението, се смета дека оваа уредба е неопходна и пропорционална за потребите за кои е донесена. ***Уставниот суд ја отфрли иницијативата за оценка на уставноста на оваа уредба.***

## Уредба со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 09.04.2020 | Измени и дополнувања: | Бр. 100 од 13.04.2020 |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 94/2020 | | |

*ПОНИШТЕНА СО ОДЛУКА НА УСТАВЕН СУД*

Со оваа уредба се намалуваат платите во износ на минимална плата во износ од 14.500 на избраните и именуваните лица во јавниот сектор, назначените државни секретари, генералните секретари и избраните судии. Иако првично уредбата беше прифатена од јавноста и дел од функционерите, сепак Уставниот суд го запре извршувањето на уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор за време на вонредната состојба, донесена од Владата. Уставните судии во решението го изнесоа ставот дека уредбата нема правен легитимитет, дека постои дискриминаторско постапување по основ на општествен статус, дека постои кршење на правото на заработувачка и дека со уредбата би настанале тешко отстранливи последици. Интересно е што судиите од Уставниот суд експресно реагираа за да ја укинат оваа одредба која покрај другите функционери ги засега и нив (судиите) во однос на платите. Оваа постапка на уставните судии наиде на критики од страна на јавноста во поглед на недостигот на солидарност од страна на повисоките класни слоеви за време на криза и вонредна состојба.

Со дополнувањето на уредбата се предвиди дека таа се однесува и за вонредните и ополномоштени амбасадори и генерални конзули на Република Северна Македонија во странство.

Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 мај 2020 година, донесе одлука за поништување на оваа уредба со законска сила и нејзиното дополнување оценувајќи дека во време на вонредна состојба не може да има ограничување на правото на заработувачка бидејќи истовремено со ваквото ограничување се навлегува и во правото на сопственост и мерката донесена со оспорената уредба не е соодветна и пропорционална на целта која што сака да се постигне и донесувањето на уредбата не е неопходно оправдано во дадениов момент, ниту пак претставува општокризна мерка.

## Уредба со законска сила за исплата на паричен надомест за лица ангажирани со договор за дело во органите на државната власт, регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и градот Скопје за време на вонредна состојба

| Датум на објавување: | 13.04.2020 | Измени и дополнувања: | / |
|---|---|---|---|
| Службен весник: | бр. 102/2020 | | |

*ПОНИШТЕНА СО ОДЛУКА НА УСТАВЕН СУД*

Според уредбата, лицата кои не се евидентирани како пријавени во Агенцијата за вработување ќе им се исплаќа целосниот паричен надомест (чл. 2 ст. 1). На лицата кои се евидентирани како пријавени им се исплаќа 50% од паричниот надомест, но најмногу до висина од 30.000 денари. Ова ограничување не се однесува на лицата кои склучиле договори за реализација на проекти финансирани од странски кредитори, финансиери или донатори.

Оваа уредба ги дерогира претходно склучените договори за дело со лицата кои се евидентирани како пријавени во Агенцијата за вработување со тоа што се намалува за 50% износот кој е предвиден во договорот и се ограничува на најмногу 30.000 денари. Уредбата не прецизира дали тоа се однесува и кога во договорот исплаќањето на износот се врши на месечно ниво или пак по завршување на работата. Договорот за дело иако вообичаено се користи за ангажирање на лица за кои јавниот орган не е во можност да спроведе вработување пред сè е договор за вршење на една определена работа, изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа. Во пракса можни се договори за дело чии предмет е еднократно вршење на одредена работа, за време на траење на вонредната состојба, чија сума е над 100.000 денари. Со примена на оваа уредба износот ќе биде намален за повеќе од 50%.

Оваа уредба предвидува мерка за заштеда на буџетските средства кои се неопходни за справување со последиците од вонредната состојба. Таа се разликува од останатите со тоа што не се однесува на примена на поединечен закон туку Владата изворно навлегува во регулирање на одредена област. Со дерогирањето на претходно склучени договори оваа уредба навлегува во правата и обврските на граѓаните.

Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јули 2020 година, донесе одлука за поништување на оваа уредба со законска сила имајќи предвид дека мерката предвидена со уредбата со законска сила, доколку се гледа од аспект на економските последици и буџетските тешкотии предизвикани од пандемијата на коронавирусот КОВИД-19, неспорно дека има легитимна цел, меѓутоа се доведува во прашање нејзината пропорционалност. Дополнително на ова, треба да се има предвид и фактот дека дел од лицата кои се опфатени со оспорената

уредба извршуваат определена работа и во предвидениот период во кој им се ограничува правото на исплата на паричен надоместок односно не само додека трае вонредната состојба, туку заклучно со 31 декември 2020 година што е прекумерно и непропорционално на целта којашто треба да се постигне.[44]

## ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДОНИРАЊЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА

### Уредба со законска сила за примена на законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на објавување:** | 16.04.2020 | **Измени и дополнувања:** | Бр. 140 од 29.05.2020 |
| **Службен весник:** | бр. 103/2020 | | |

Со оваа уредба се олеснува постапката за донирање, така што за дадена донација кон буџетски корисник која е со цел сузбивање на КОВИД-19, нема потреба од постапка за утврдување на јавниот интерес односно решение од Министерството за правда за потврда за јавниот интерес на донацијата. Јавниот интерес за ваквата донацијата се смета за утврден согласно со оваа уредба.

Оваа уредба овозможува за секоја друга донација во јавните дејности кон други субјекти кои не се буџетски корисници, постапката за утврдување на јавниот интерес односно издавањето на решението од страна на Министерството за правда да се одвива во хартиена форма и по електронски пат.

### *ОСТАНАТИ УРЕДБИ*

Останати уредби кои се однесуваат на поттикнувањето донации се:

- Уредба со законска сила за формирање фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од коронавирусот КОВИД-19 („Службен весник на РСМ" бр. 106 од 21.04.2020.)
- Уредба со законска сила за примена на законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физички лица за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.108 од 24.04.2020.)
- Уредба со законска сила за примена на законот за игрите на среќа и за забавните игри за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ" бр.108 од 24.04.2020.)

44 Одлука на Уставен суд на РСМ У.бр.154/2020-1 Достапно на http://ustavensud.mk/?p=19695

## ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ДРЖАВАТА

Со оваа група уредби Владата, наместо Собранието, донесе одлука за задолжување заради обезбедување стабилност на јавните финансии за справување со пандемијата и последиците од неа.

- Уредба со законска сила за задолжување  кај меѓународниот монетарен фонд за финансиската поддршка од инструментот за брзо финансирање за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.100 од 13.04.2020)
- Уредба со законска сила за примена на законот за задолжување  со заем кај меѓународната банка за обнова и развој – светска банка по договор за заем за финансирање на проектот за поврзување на локални патишта за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“  бр.123 од 13.05.2020 дополнета со бр. 160 од 15.06.2020)
- Уредба со законска сила за задолжување кај Европската Унија преку инструментот макрофинансика поддршка за справување со последиците предизвикани од ковид-19 пандемијата за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.140 од 29.05.2020.)

## УРЕДБИ ОД ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕР

**Со уредбите од технички карактер законските рокови кои истекуваат за време на траење на вонредната состојба се продолжуваат со што се овозможува функционирање на државните органи.**

Најголемиот број од донесените уредби можат да се подведат под квалификацијата уредби од „технички карактер". Овие уредби се однесуваат на примената на широк спектар на закони. Преку нив, Владата прави обид го спречи постоењето на вонредната состојба и објективната неможност да се преземат одредени дејствија, да резултира со престанок или значително отежнување на остварувањето на голем дел од функциите на државните орагни.

Предмет на нивно уредување во најголем дел од случаите се: статусот на дејствијата кои согласно со основните закони треба да се спроведат во месеците во кои беше прогласена вонредната состојба (пр. полагање на стручни испити); понатаму мандатите на одредени органи кои истекуваат за време на вонредната состојба; и во најголем дел од случаите, роковите во кои треба да се преземат одредени дејствија, а кои истекуваат за време на вонредната состојба. Дел од уредбите се однесуваат и на важноста на јавните исправи (лични документи, лиценци кои истекуваат за време на вонредната состојба).

Образложението за потребата од овие уредби неспорно произлегува од причината поради која е прогласена вонредната состојба, глобалната пандемија КОВИД-19, потребата од намалување на личните контакти и групирања и намалениот капацитет на државните органи поради промена на приоритети и намален кадар. Во однос на странците неможноста да патуваат поради ограничувањата е значителен фактор.

